СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Дваесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 5 септември 1995 година

Скопје, септември 1995 година

**ДВАЕСЕТ И ЧЕТВРТА СЕДНИЦА (24) НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 5.IX.1995 ГОДИНА**

ДНЕВЕН РЕД СТР.13
ДО СТР.73-ПРАТЕНИЧКИ ПРАШАЊА
Точка 1-стр.14
Т.2-стр.73


1. АБДИ ФАИК 39
2. АНГЕЛОВ ИВАН 9
3. АРСОВСКИ БРАНКО 43, 45, 47, 77, 79
4. БУЗЛЕВСКИ ДИМИТАР 48, 65, 72, 73, 97
5. ВИДИМЧЕ КИРЕ 53
6. ДАВЧЕВ САНДЕ 25
7. ДАНЕВСКИ СЛОБОДАН 70
8. ЖУТА БЕЌИР 61
9. ИВАНОВ РИСТО 3, 29, 30, 36
10. ЈАНКУЛОВСКИ ЖИВКО 3
11. КОЦЕВСКИ АЦЕ 4, 34, 54, 57
12. КАРОВ ИЛИЈА 38
13. КОТЕВСКИ СЛАВКО 52
14. КАДРИУ ЗЕЌИР 68
15. ЛАЗАРОВСКИ МИРКО 61
15. КАРОВ ЗВОНКО 91
16. ЛАЗАРОВ ЈОВАН 70
17. МЕШКОВ ЉУПЧО 88
18. МИТЕВСКИ ДРАГАН 90
19. НАСТЕВСКИ ДИМИТАР 31
20. НАЈДОВСКИ СЛОБОДАН 37
21. НАУМОВСКИ ВАНЕ 69, 94, 104
22. НИКОЛОВСКИ ДУШАН 93
23. ОСМАНИ РУФИ 57, 80, 87, 100, 102, 103
24. ПЕТКОВСКИ ТИТО 1 (ја води седницата)
25. ПАУНОВ ТОДОСИЈА 30
26. ПЕЦОВ МИРКО 60
27. ПАВЛОВ ИВАН 64
28. ПОПОВСКИ ДИМИТРИЕ 71
29. РАМАДАНИ ИСМЕТ 7, 28, 29, 71
30. РУЖИН НАНО 32
31. РАМАДАНИ ХИСЕН 59
32. СТЕФАНОВСКИ БЛАГОЈА 28
33. СТАНКОВСКИ ВЛАДИМИР 71, 72
34. ТАНТАРОВ ВЕЉО 10, 11, 12, 33, 35
35. ТРАЈКОВСКИ МИЛЧО 26
36. ТРАЈКОВ РИСТО 36
37. ТРАЈАНОВСКИ ПЕТРЕ 42
38. ТУДА РАМИ 52
39. ТРПЕНОВСКИ ДИМИТАР 66
40. ФРЧКОВСКИ ЉУБОМИР 6, 7
41. ФИЛИПЧЕ ИЛИЈА 50, 56, 62
42. ХАРУНИ СЕЈФЕДИН 72
43. ЦРВЕНКОВСКИ СТЕВО 14 (ИНФОРМАЦИЈА ЗА НАЈНОВИТЕ НАСТАНИ ВО ОДНОСИТЕ МЕЃУ РМ И Р.ГРЦИЈА), 20
44. ЧАПОВ СЛАВЧО 64
45. ШУНДОВСКИ ЈОРГО 4, 5, 38, 41, 47, 57


СЕДНИЦАТА ПРОДОЛЖУВА!

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од 24-та седница на Собранието на Република Македонија одржана на 5 септември 1995 год.

Седницата се одржа во сала бр. 1 на Собранието на Република Македонија со почеток во 12,50 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Тито Петковски, потпретседател на Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дами и господа пратеници, ја отворам 2 4-та седница на Собранието на Република Македонија, свикана за 5 септември 1995 година.

Поради отсуство на претседателот на Собранието, верувам дека ќе се согласите јас да претседавам со денешнава седница.

Дами и господа пратеници, за денешната седница пратениците Стојан Андов, Киро Поповски, Илија Гоцевски, Зоран Шапуриќ и Николина Трајанова ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети претседателот на Републиката г-динот Киро Глигоров, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Записникот од 23-та седница на Собранието на Република Македонија Ви е доставен.

Дали некој од пратениците има забелешки на записникот?

(Нема).

I/2/ЛП/лј

Бидејќи никој нема забелешки, констатирам дека записникот од 23-та седница на Собранието на Република Македонија е усвоен без забелешки.

Владата на Република Македонија предлага да се дополни дневниот ред за оваа седница односно прва точка да биде Информација за најновите настани во односите меѓу Република Македонија и Република Грција.

Кој е за овој предлог, молам да крене рака?

(Повеќе пратеници креваат рака).

Благодарам.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Владата на Република Македонија го извести Собранието на Република Македонија дека се симнува степенот на доверливост на Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за акцизи, со Предлог на закон.

Комисијата за земјоделство шумарство и водостопанство му предлага на Собранието да не го разгледува предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за задругите со Предлог на закон, бидејќи смета дека е поцелисходно тој да се разгледува по донесувањето на Законот за трговски друштва или истовремено со Предлогот на законот за приватизација на претпријатијата и задругите кои стопанисуваат со земјоделско земјиште, кој веќе е во прецедува во Владата на Република Македонија.

Дали од Комисијата има некои нови сознанија или остануваат на предлогот?

I/3

Има збор г-дин Ристо Иванов, министер во Владата.

**РИСТО ИВАНОВ:**

Јас би предложил ако може оваа точка да се врати уште еднаш на седница на комисиите, .таму да ги разјасниме сите прашања, односно да биде за следна седница, а сега да не се донесува заклучок на кој период би се одложил овој закон.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, некој во име на Комисијата да се изјасни.

Има збор г-динот Јанкуловски.

**ЖИВКО ЈАНКУЛОСКИ:**

Тоа беше предлог и на Комисијата, до наредната седница да се состане уште еднаш и да го разгледа законот за задругите, што се прифати.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кој е за предлогот на Комисијата, молам да крене рака?

(пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Пратеникот Аце Коцевски поднесе барање Владата на Република Македонија да изготви Информација за причините, последиците и мерките што ги преземаат надлежните органи заради загаденоста на воздухот во Т. Велес од Топилницата за Олово и Цинк- "Злетово" и таа да биде разгледана на оваа седница.

Барањето е доставено до Владата на Република Македонија

До денес Владата на РМ не достави информација.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Јорго Јундовски, министер во Владата на Република Македонија,.

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

Овој предлог се наоѓа во процедура во Владата и би молел оваа точка да биде одложена за наредната седница.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господинот Аце Коцевски има збор.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, дами и господа, излегов сосема кратко да го изразам своето незадоволство од бавното реагирања на Владата односно на надлежното министерство.

Впрочем, тоа можеби не треба воопшто да ме зачудува ниту мене ниту граѓаните на Титов Велес, затоа што сите бевте сведоци, а тоа актуализирано последните денови со големиот третман што се дава на таа проблематика во средствата за јавно информирање дека граѓаните на Титов Велес повеќе од 54 дена беа изложени фактчкии на труење од преголемата концентрација на сулфур-диоксид која беше испуштана од оџаците на Топилницата за Олово и Цинк-Титов Велес, како резултат на дефектот на еден од неговите погони. Ме зачудува тоа што требаше да поминат над 50 дена за да надлежните државни органи конечно донесат решение за запирање на производството во Топилницата за олово и цинк, иако тоа според законските прописи требало да го направат многу поодамна. Денес и вчера малку повеќе се занимавав со законските прописи кои ја третираат таа проблематика. Тоа е регулирано со неколку закони, во кои децидно е кажано, доколку концентрацијата е поголема од 0.5 милиграми сулфур диоксид на $м^3$ поединечно односно 0,15 милиграми просечно дневно дека има услови да биде запрено производството. За жал, во Титов Велес се случуваше во текот на август да има концентрација од 0,356-0,360 милиграми сулфур-диоксид на $м^3$, а веројатно во ударните денови и над 1 мили- грам што е скоро за осум пати поголем од дозволеното количество.

За останатите работи веројатно ќе имаме прилика да разговараме кога ќе дојде точката на дневен ред за штетата што ја претрпуваат граѓаните на Т.Велес по своето здравје, за сите деформации што се јавуваат кај новородените деца, за стерилитетот и за многу други проблеми.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, дали останувате на предлогот или го повлекувате предлогот на денешнава седница да се расправа.

Значи, го повлекувате предлогот. Има збор министерот Шундовски.

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

Јас се извинувам, констатацијата на пратеникот дека Владата не функционираше или дека споро реагира е сосема субјективна затоа што тоа не значи дека ако Информацијата не е готова, која пристигна кон крајот на минатата недела во владина процедура, тоа не значи дека органите на Владата не си ја извршувале својата функција и дека не ги презеле сите мерки кои биле во нивна надлежност. Напротив, топилницата е затворена со работа уште пред десетина дена, точно се реагираше кога беше случајот најактуелен, така што Владините органи успешно и добро си ја извршуваа својата работа и во тоа нема никаква друга констатација.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Немаме расправа, Владата информира дека ќе подготви информација за наредна седница, а наредната седница е на 12 септември, што значи за една недела .

(Пратеникот Аце Коцевски бара збор.)

Ве молам, вие го повлековте предлогот и немаме повеќе расправа (му се обраќа на пратеникот Аце Коцевски).

I/6.-

Пратеникот Абдурауф Пруси на 22-та седница на Собранието на Република Македонија побара Владата на Република Македонија да изготви Информација и предлог програма за сузбивање на употребата на дрога во Република Македонија за оваа седница.

Владата на Република Македонија до денес не достави информација.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Љубомир Фрчковски, министер во Владата на Република Македонија.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Владата не прифаќа да изготви информација за оваа точка бидејќи таа во редовната егзикутивна работа во своја надлежност г и предложи на јавноста и во својата процедура неколку, точно четири прорами за сузбивање на криминалот, практично превенција на криминалот, а во една од тие програми е превенцијата и сузбивањето на злоупотреба на дрогата и земајќи ги предвид своите надлежности, таа ќе ја оствари таа програма, а на пратениците, односно на заинтересираниот пратеник - во оваа смисла може да ја следи таа активност на Владата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кој е за предлогот на пратеникот Абдурауф Пруси, мола да крене рака?

(Еден пратеник од место вели:процедурално, пратеникот не е тука).

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Требало да дојде. 12 пратеници гласа за.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Тоа веќе и за програмата се однесува.

Пратеникот Исмет Рамадани, од името на пратеничката група на ПДП, побара дневниот ред за 21-та седница на Собранието да се дополни со Информација за бројот на граѓаните на Република Македонија за кои се води постапка за стекнување на државјанство и кои по ниеден основ не можат да добијат државјанство со табеларен преглед за нивната национална припадност.

Претставникот на Владата Иљаз Сабриу се согласи Владата на РМ да изготви информација која ќе се разгледа на 22-та седница на Собранието.

На 22-та седница претставникот на Владата Министерот Владо Поповски извести дека информацијата се уште не е изготвена и дека Владата ќе ја достави за наредната седница на Собранието.

Владата на Република Македонија до денес не достави информација.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по овој предлог.

Има збор г-динот Љубомир Фрчковски.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Информацијата е во Владина процедура, еднаш веќе ја гледавме на седница, веројатно на наредната седница ќе биде конечно усвоена и после тоа ќе биде доставена нов парламентарна процедура. Дали за оваа седница до крајот или за наредната седница, тоа не мол да проценам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Го молам предлагачот г-динот Исмет Рамадани да земе збор?

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Добро, јас и тогаш јавно кажам дека обично кога ние пратениците велиме за наредната седница не се случува тоа да се достави

информација за наредната седница. На една наредна седница исто така имав разбирање како пратеник, во името на пратеничката група, за една наредна седница, еве доаѓа уште една наредна седница, значи се уште немаме таква информација. А ние сепак треба да имаме почит и разбирање кон тие граѓани кои имаат секојдневни проблеми во врска со државјанството и процедурата околу нивното државјанство.

Ве молам, сега што треба да кажам? Треба да кажам Ај да видиме дали ќе имаме за наредната седница една информација Еве уште еднаш ќе имам разбирање - Ајде за наредната седница да имаме информација за стекнување на државјанството.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам, предлогот е повлечен.

Пратеникот Вељо Тантарот достави барање на оваа седница министрите за земјоделство шумарство и водостопанство, за финансии и за стопанство да поднесат усни информации за проблемите од областа на откупот, сместувањето, откупните цени и исплатата на пченицата од нејзиниот род во 1995 година. Претседателот на Собранието на Република Македонија го извести пратеникот Вељо Тантарот дека неговото барање не може да биде внесено во предлогот на дневниот ред за оваа седница, затоа што не поднел материјал и предлог на акт по кој би расправале пратениците.

Барањето е доставено до Владата на Република Македонија.

Молам, претставник на Владата да се произнесе по ова

Има збор господинот Иван Ангелов, министер во Владата на Република Македонија.

**ИВАН АНГЕЛОВ:**

Почитувани пратеници, зависи како вие ќе се договорите меѓутоа, ако се бара усмена информација, јас сум спремен во овој момент да ви кажам некои податоци. Меѓутоа, ако се бара детална информација, во овој момент ние за таква детална информација не сме спремни да кажеме. Само за ваше сознание да кажам дека целокупната мжетвена активност секојдневно се објавуваше во весниците, ја имаше во гласилата, ја имаше и на телевизија. Значи се што се случуваше јавноста знаеше.

Во овој момент, ако сакате само за Ваше сознание, жетвените активности се завршени, заклучно со 23.08. о.г., 96% од жетвените активности во Македонија беа завршени, а до денешниот ден се откупени повеќе од 80% од вкупната количина што ние ја очекувавме, која е сместена во нашите магацински простори, додека останатите 20% според сознанијата што ги имаме веројатно се за потребите на нашите граѓани, секој си чува за своите потреби.

Што се однесува за исплатата, еве, тоа нека биде усмена информација, досега премијата која што беше обврска на Владата на Република Македонија, таа отпочна со исплата онака како што беше најавено односно како што беше одлуката на Владата тоа да отпочне од 15.08. Исплатата на премијата се врши според одредени упатства кои се дадени и објавени во нашите службени гласила, поточно во службениот весник и сите оние производители кои имаат документација, според упатството, кое што беше објавено, на нив им е исплатено. За ваша информација, исплатата почна не на 15 а густ туку на 17 август, тогаш се исплатија значи првите износи во однос на премијата и до денес од индивидуалниот сектор има исплатено за 23 илјади тони, што значи од прилика 47 милиони денари од прилика веќе се исплатени на индивидуалните производители. Одговорно тврдам дека сите оние

документи кои се доставени од страна на индивидуалните производители на има премија, уредно подготвени, досега сето е исплатено, а додека парцијално тече и исплатата во општествениот сектор, впрочем така и се договоривме. Во општествениот сектор до денес е исплатено околу 35 илјади тони на име премија. Засега, активностите околу исплатата на премијата нормално се одвиваат додека откупотво некои општини се уште трае.

Толку како кратка информација. Ако треба некоја подетална, тогаш за една од наредните седници.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали е тука предлагачот?

Има збор, господинот Вељо Тантаров.

**ВЕЉО ТАНТАРОТ:**

Почитувани пратеници, му благодариме на министерот Иван Ангелов за информацијата што ни ја кажа дека жетвата во нашава држава е завршена. Тоа го знаат земјоделците пред да го знае министерот овој податок.

Во името на земјоделците од битолскиот дел на Пелагонија, кои летово од годинашнава жетва на нашата држава и предадоа околу 30 илјади тони пазарен вишок на пченица и како производител на поголеми количества на пченица и јачмен, имам должност да го информирам овој парламент за незадоволството на нашите земјоделци од односот на нашата држава кон извршувањето на жетвената акција и сите неорганизирани активности околу прифаќањето и сместувањето на годинашниот род на пченица. Сметам дека вака неорганизиран откуп сместување и неорганизирана жетва нема никаде во светот. Во светот жетвата е најголема акција за една нација и кон неа секој мора да има поинаков однос, за тоа што станува збор за собирање на лебот.

I/11.-

Инаку, ваква жетва досега не се случило во историјата на нашево земјоделство, сметам вака лошо организирана жетва. Инаку, по невидените жетварски маки со старите доодени комбајни, со хаосот што се направи во сместувачкиот простор на нашата пченица заради неконтролираниот увоз на пченица, затоа што и во текот на самата жетва во нашите амбари - станува збор за амбарите на мелничарите и Дирекцијата за стоковни резерви - се сместуваше пченица од сите страни на Балканот, како и тоа што за време на откупот никој од нашите земјоделци не знаеше каде да го носи своето жито, по кои цени ќе го продава, кога ќе се плати и тоа што најголемиот дел од пазарните вишоци на пченица од Пелагонија се наоѓа, сместени под разни натстрешници, училишта и магацински простории не одговараат за сместување на ова жито, нашите земјоделци отидоа на еден мал одмор до новата сеидба, со надеж дека во текот на идна' година нема да се случи една ваква грешка со извршувањето на домашната жетва.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господине Тантарот, прво се извинувам што ве прекинува, сакам да ве прашам, бидејќи министерот одговори прецизно доколку сакате усмена информација, тоа би можело да се случи на денешната седница како посебна, доколку сакате писмена информација тоа би можело на наредната седница да го гледаме. Вие треба да се определите за едната или другата варијанта.

**ВЕЉО ТАНТАРОТ:**

Јас реков дека до одморот односно до новата сеидба нашиве земјоделци очекуваат денес министерот за земјоделство шумарство и водостопанство, Министерот за финансии и Министерот за стопанство да кажат кога и како ќе се плати пазарниот вишок на пченица.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ**:(Продолжение)

Не само оние 33 илјади тони што се добиени од нашата пченица, туку од целата држава. Сеидбата е на прагот. Досега, тврдам во приватниот сектор...

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ќе водиме расправа, ќе ја вклучиме како точка на дневен ред по усните информации.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Со оглед на тоа што јас сум уверен дека нема да се води расправа за тоа, никогаш не сме воделе кога станува збор за земјоделието, уште еднаш барам Владата да каже кога ќе се плати пченицата. Ако идната година нашите ораници останат јалови не посејани, одговорноста за тоа ќе ја преземе овој Парламент и нашата Влада. Барам да се расправа на оваа седница за пченицата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Предлогот на г-динот Тантаров за усна информација на денешната седница од министрите во Владата го ставам на гласање, бидејќи даде согласност министерот за земјоделие, шумарство и водостопнаство.

Кој е за предлогот на г-динот Тантаров, молам да крене рака? (63)
Дали е некој против? (Никој)
Дали некој се воздржува од гласање? (2).
Констатирам дека предлогот е усвоен.

II/2.-

Според тоа, за денешната седница го предлагам следниот

1. Информација за најновите настани во односите меѓу Република Македонија и Република Грција;

2. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за акцизи, со Предлог на закон;

3. Предлог за донесување на закон за изменувавме и дополнување на Законот за данокот на промет на производи и услуги, со Предлог на закон;

4. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за трговијата, со Предлог на закон;

5. Предлог за донесување на закон за преземање на гаранции по користени кредити од Европските инвестициони банки од Европската инвестициона банка, со Предлог на закон;

6. Предлог за донесување на закон за изменувавме и дополнување на Законот за данок од добивка, со Предлог на закон;

7. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за девизната политика и Проекција на платниот биланс на Републиката за 1995 година;

8. Предлог на Завршна сметка на Буџетот на Република Македонија за 1994 година;

9. Нацрт на закон за трговските друштва;

10. Предлог за донесување на закон за телекомуникации;

11. Информација за состојбите во врска со откупот на пченицата.

Дали има некој предлог за изменуваше и дополнување на предложениот дневен ред? (Нема)

Кој е за предложениот дневен ред, молам да крене рака?

(Благодарам)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Со оглед ан актуелноста на првата точка предлагам пратеничките прашања да се поставуваат по нејзиното завршување.

Кој е за овој предлог, молам да крене рака? (Благодарам)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Преминуваме на првата точка од дневниот ред.

- Информација за најновите настани во односите меѓу Република Македонија и Република Грција.

Излагање во врска со оваа информација ќе поднесе министерот за надворешни работи г-дин Стево Црвенковски.

Има збор г-динот Црвенковски.

**СТЕВО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, дозволете ми да Ви изнесам една првична информација за развојот на односите меѓу Република Македонија и Република Грција, најновиот развој на односите со тоа што Ве замолил да ми дозволите претходно да Ви изнесам еден преглед на досегашниот

тек на појдовните позиции откако започна целиот спор и на оние елементи кои сега во извесна мера ја менуваат состојбата и ни даваат можност да веруваме дека би можело со еден забрзан чекор да се оди кон некоја разврска.

Вие сите добро се сеќавате кога Република Македонија тргна на својот пат кон независност и првите чекори како независна држава дека се соочува со една фронтална позиција до страна на Република Грција која поаѓаше првично од позицијата дека постоењето на Република Македонија е опасност за стабилноста на Балканот, дека так држава не треба да се прифати и дека меѓународната заедница не треба да признае постоење на таква држава. Подоцна овие ставови имаа извесна еволуција кон ставовите кои беа презентирани на Самиот на Европската унија во Лисабон каде целосно негирање на постоењето на држава се помина кон оспорување на името на државата и со барање дека не може да се признае држава во чие име на било кој начин се содржи зборот "Македонија".

Уште подоцна и оваа позиција претрпе еволуција со вклучување на нови елементи на повикување на промена на Уставот на државата со еволуција во однос и со извесни осцилации во однос дали се прифаќа реалноста на постоењето на државата или не. Што е во овој момент променето и зошто?

Прво, има една зголемена динамика, како што знаете, која води или се надеваме дека води кон една поширока разврска и на трагичните состојби во другите делови на Балканот и на трагичните војни кои се водат. Оваа разврска води кон јасен пораз на идеите кои ги предизвикаа овие кризни состојби на големодржавните идеи, на идеите за интегрално решавање на национални прашања,на идеите за некои нови здружувања

на Балканот или за обнова на старите, на идеите дека границите можат да се менуваат со сила, на идеите дека можни се создавања на некои нови оски и делови на Балканот, на идеите дека Балканот би можел и понатаму да биде изолиран од европските текови и од тековите на цивилизацијата воопшто. Поразот на овие идеи создава една нова клима. Се уште не е дојдено до разврска , но е дојдено веќе до јасен пораз на овие идеи, и до се појасна победа на еден пристап кој е идентичен и со нашиот првичен пристап, пристап дека Балканот може да се развива само ако строго се почитуваат принципите на неповредивост на границите, почитување на независноста на државите, мирно решавање на спорните прашања, дијалог и немешање во внатрешните работи на земјите.

Друга промена која е се појасна во последно време е дека грчкото ембарго доживеа пораст. Доживеа пораст не заради тоа што беше широко осудено од Меѓународната заедница, а Вие сите добро знаете дека практично нема земја во Европа, практично нема значајна политичка сила во Меѓународната заедница која не го осуди јасно ова ембарго, меѓутоа, тоа не беше доволно за поразот на ембаргото. Ембаргото не беше поразено ни заради тоа што беше покрената постапка пред Европскиот суд. Вие знаете дека Европската комисија покрена судска постапка против едностраното грчко ембарго, меѓутоа, исто така знаете дека европската правда во овој случај не се покажа доволно ефикасна и тоа не е причината што доведе до овој пораз. До овој пораз доведоа погрешните проценки за способноста на Република Македонија да опстои како самостојна држава и да опстои како организирана држава. Проценките дека ова ембарго ќе ја скрши Република Македонија за два или три месеци се покажа дека и оваа проценка е исто толку погрешка колку што беа проценките од пред

неколку години дека Република Македонија не може да опотои како независна држава од економски причини. Проценки кои беа давани во време кога немаше ни санкции ни ембарга, ни војна, а се покажа дека и во услови на целосни блокади, во услови на санкции кои ја блокираа северната граница, во услови на ембарго која ја блокира јужната граница дека Република Македонија може да опстои не два месеци, не три месеци, туку може да опстои неограничено долго и да покажува и резултати на економски план и покрај огромните цени што овие блокади ги нанесуваат.

Поразот на оваа идеја дека можеме да бидеме скршени со ова ембарго, поразот на идеите во регионот кои можеа на друг начин да доведат до загрозувањето на постоењето на Република Македонија, промената на целосната слика на состојбите на Балканот доведуваа до тоа веќе сите мораа да се соочат со реалноста и дека веќе прифаќање на постоењето на оваа држава не може да биде дилема за никого, не може да биде дилема за никого нејзината независност, не може да биде дилема нејзиното опстојување како самостојна држава која нема никаква намера да влегува во нови сојузи, во нови врзувања и во нови делби на Балканот. Тоа доведува да веќе во односите со Грција можеме да тргнеме кон разврска на односите меѓу двете земји затоа што веќе постои разбирање дека е тоа неопходно, дека повеќе нема шанси оваа земја да биде уништена, како независна држава.

Во преговорите меѓу двете држави имаше неколку фази. Во еден период течеа преговори после тоа новата Влада на Република Грција ги прекина преговорите во Њујорк после тоа дојде до ембаргото и до познатите блокади. Меѓутоа, во сите овие фази се диференцираа два пристапи . Еден беше грчкиот пристап дека треба да се разговара за

три прашања кои Грција ги смета за спорни. Тоа беа името на државата членовите на Уставот и знамето.

Нашиот пристап беше дека прво, не може да се очекува разврска на спорот доколку со тоа на било кој начин се загрозува националниот идентитет на државата или доколку на било кој начин било која од страните се доведува во нерамноправна положба, а посебно дека не може со никаква присила никој на една држава да и наметнува име,и дека името на државата е тоа што таа си го носи низ својата историја.

Второ, во нашиот пристап беше дека не може да се разговара за изолирани прашања, дека она што може да биде излез кон нормализација на односите меѓу двете земји може да се постигне само со една широка согласност за сите аспекти на меѓусебните односи. Дека не можеме да разговараме за нормализирање на односите меѓу две земји ако сите елементи на тие односи не бидат разгледани и за нив не биде постигната согласност, согласност која ќе овозможи нормално одвивање на натамошниот тек на односите. Под тоа подразбиравме дека, пред се, е неопходно јасно и гласно признавање на независноста на државата на нејзиниот територијален интегритет и меѓународно признатите граници.

Дека е неопходно двете земји да се обврзат на почитување на принципите на неповредливост на границите, територијалниот интегритет на државите, независноста и немешањето во внатрешните работи. Повторувавме и тоа беше цело време константа во нашиот став кој останува и понатаму дека не може да се бара промена на членови на Устав на една држава заради погрешно читање на тие членови. Дека не може да се тврди дека членовите на Уставот на државата содржат територија. ни аспирации, територијални претензии, дека содржат намери за мешање во внатрешни работи и со тоа се загрозува

стабилноста на регионот ако Република Македонија има и секој пат имала многу јасен став што тој Устав содржи, што тие членови содржат и безброј пати сме повториле и во ова Собрание и во меѓународни институции дека тие членови на Уставот не содржат никакви територијални аспирации не само тие членови на Уставот, туку воопшто политиката на Република Македонија, определбите на Парламентот на Република Македонија не содржат никакви територијални аспирации ниту било каква намера за мешање во внатрешните работи на други земји онака како што тоа се дефинира со меѓународните норми и акти. Никогаш не било спорно ниту може да биде спорно дека е ова значењето на нашиот Устав и никако не е спорно ова што сме го повторувале сите овие години од како го донесовме Уставот го повториме и понатаму во било која форма. Меѓутоа, не можеме да прифатиме барања да се менуваат членови само затоа што некој има свое толкување за нивното значење. Се знае кој е надлежен за толкување на значењето на членовите на Уставот и вон тоа толкување нема место за разговор.

Исто така сметавме и сметаме понатаму дека неопходен услов за нормализација на односите меѓу двете земји гаранција за слободно движење на луѓето, за слободно движење на стоки, за слободен проток преку границата во рамки на она што го познаваат сите цивилизирани земји во Европа.

**СТЕВО ЦРВЕНКОВСКИ:** (продолжение)

Дека не можеме да зборуваме за нормализација на односите ако на овој слободен проток се поставуваат едни или други пречки, ако се воведуваат еднострани ембарга и дека мораме да бидеме најјасно во односите меѓу двете земји дека такви еднострани акти се неприфатливи било кога во иднина доколку, навистина, сакаме добри односи меѓу двете земји.

Исто така, дека е неопходно да имаме согласност што за другите земји во Европа никогаш и не било порано од кога Европа тргна по патот на демократијата и на Европските интеграции, а тоа е дека двете држави треба да постигнат согласност за целосно почитување на човечките права, на културните права, на правата на граѓаните слободно да си го искажуваат својот идентитет во согласност со сите меѓународни норми и конвенции. А тоа е нешто што е навистина неопходно за да може да зборуваме за постигната согласност за односите меѓу двете земји.

Исто така, е неопходно да се овозможи слободни контакт на луѓето преку границата на сите нивоа, да се обезбеди непречено движење преку таа граница, а бидејќи Република Македонија е земја без излез на море да се почитуваат сите одредби на меѓународното право, а посебно одредбите на Конвенцијата за право на морето, за слободен пристап кон пристаништата и сите други права што меѓународната заедница ги поставила во меѓународните документи. Дека е неопходен развој, заедничка работа за развој на комуникациите меѓу двете земји, поедноставување ка преминот на границата со крајна цел да оваа граница во блиска иднина не биде различна од останатите европски граници.

III/2.-

Сметаме дека е неопходно за тој слободен проток, заради сите искуства што ги имавме, да постојат и одредени меѓународни гаранции.

Исто така, за развојот на односите меѓу двете земји има прашања кои не само што не можат да се одбегнат, туку ниедна одговорна влада, ниедна одговорна политичка структура повеќе во светот не ги одбегнува, а тоа е дека е човековата околина заедничка грижа дека заштитата на човековата околина, а посебно на езерата што ги делат двете земји, Дојранското и Преспанското, мора да бидат заедничка грижа и за тоа мора да постигнеме согласност.

Исто така, неопходно е согласност за широка соработка во обласа на образованието, науката и културата затоа што сметаме дека без овој аспект повторно движење кон европеизација на Балканот би можело да биде загрозено.

И, што е посебно значајно дека е неопходна согласност за непречење во односите со трети земји. Ние непрекидно го повторувавме нашиот став дека билатерални односот меѓу било кој земји не би смеело да бидат вперени или да и попречат на било која трета земја и дека е извонредно значајно тој принцип и овде да се прифати престанат сите обиди за блокади на нашите односи со трети земји. И, што е можеби уште позначајно дека не може понатаму да се злоупотребува правото на вето, механизмот за одлучување со консензус заради блокирање на нашето вклучување во меѓународните организации на кои:што имаме полно право и во нашата соработка со меѓународните организации. Дека не може да се злоупотребува правото на вето во нашето вклучување во ОПСЕ, во Програмата "Партнерство за"мир" и во иднина во НАТО, во соработката со Европската Унија и во иднина во склучување на Договорот за придружено членство и полноправно членство во Унијата. Затоа што, природното место на РМ е во Европа,  природно место е на

сите балкански земји во Европа, не може да има долгорочно мир и стабилност на Балканот доколку сите не го најдеме своето место таму и во интерес е на секоја балканска земја да го поддржува движењето кон европските интеграции и кон Ееро-атланските интеграции, затоа што само така може да дојде до долгорочен мир и стабилност на Балканот и до Европеизација на Балканот.

Ова се точките за кои ние сметаме дека се неопходни да бидат вклучени и да биде постигната согласност за нив и веруваме дека сме на пат тоа и да го постигнеме.

Многу е значајно да се сфати дека на двете страни, и во РМ и во Грција во вакви кризни моменти за целиот регион, за целиот Балкан е неопходно да се тргне со едно високо чувство за одговорност, за одговорност за иднината, за одговорност за сопствените граѓани, за идните генерации и дека без тоа не може да се излезе од ќор сокакот кој што се заканува на целиот Балкан.

Исто така, многу е значајно да се осознае дека ова е спор во чие разрешување не може и не би смеело да се бараат победни] и поразени. Ако тргнеме со таква намера да во спорот бараме кој ќе победи и кој ќе биде поразен ќе значи дека ја прифаќаме токму онаа политика во другите делови од Балканот која што и доведе до војната и која што сега јасно доживува целосно отфрлање се надевам на целото подрачје на Балканот.

Не може да се бараат победени и поразени и заради тоа што ние зборуваме за долгорочен развој на добри односи и меѓу двете земји и со сите други земји на Балканот. Не може да има долгорочен развој на добри односи ако било која страна се смета за понижена, се смета за онеправдана, се смета дека била доведена во нерамноправна состојба.

И посебно не можеме да зборуваме за победени и поразени, затоа што е ова едно од оние прашања и една од оние шанси кои се пружаат да двете страни бидат победници, затоа што како резултат на разрешувањето на односите меѓу двете земји- побудуваат базичните определби на цивилизацијата и победуваат пред се интересите на граѓаните на двете земји. Поведуваат граѓаните од двете страни на границата ако дојде до разрешница на овој несреќен спор.

За да се излезе од вакви состојби секојпат кога доаѓале меѓу земјите, посебно во вакви кризни, широко кризни опкружувања е секако неопходно и храброст. Меѓутоа, не онаква храброст со повикуваше на големи цели на освојување на територија, со повикување на борба, со повикување на големи идеали кои на крај покажуваат дек; не се работело за храброст, туку се работело за грамзивост, за бор- ба на лични интереси и како што гледате многу често завршуваат и со кукавичлост.

Неопходно е храброст да се осознае дека неопходно е од двете страни да се направат чекор еден кон друг, неопходно е од двете страни да се има подготвеност за дијалог, да се има подготвеност за отстапки секаде каде што е тоа можно и секаде каде што тоа не ги загрозува виталните интереси на нацијата и на државата.

Овој тип на храброст е неопходен за да се оди со јасна визија во иднина. И јас сум убеден дека и овој Парламент, кој во многу прилики демонстрираше во многу критични моменти за оваа држава дека таа храброст ја има и кој во многу прилики демонстрираше и вредноста на таа храброст над се она што го гледавме во другите региони ќе ја има таа храброст да ја согледа иднината на сите нас тогаш кога ќе дојдеме конечно да одлучуваме за разврската на овој спор.

Во овој момент ова е првична информација, која би ве замолил како првична информација и да ја разберете, а ќе има доста динамичен и доста чувствителен процес во наредниве денови и недели и ќе бидете во прилика целосно да се изјасните за разврските кон кои што одиме и да ги прифатите или отфрлите, во секој случај целосно да го искажете своето мислење за нив.

Заради тоа, заради првичноста на оваа Информација и заради тоа што> многу скоро ќе дојде многу поцелосна расправа во Парламентот за ова Владата му предлага на Собранието денес по оваа првична Информација да не се расправа, а расправата да се обави тогаш кога ќе дојдеме со редовна процедура на Собранието.

Благодарам на вниманието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Му благодарам на министерот Црвенковски за Информацијата

Второ, како што слушнавте, предлогот на Владата на оваа седница да не се расправа по Информацијата. Таа да се одложи, се разбира, за период кога Собранието ќе расправа и по опстојно за содржината на Договорот и како Собрание сме надлежни за ратификација на овој Договор.

Трето, мислам дека го делам и Вашето мислење дека оваа Информација за надеж за скор договор меѓу Република Македонија и Грција отвора нова страница во напорите на Македонија за заокружување на својата државност, во воспоставувањето на нормални односи меѓу Македонија и Република Грција како две рамноправни членки на Обединетите нации за два рамноправни субјекта и дека значи и стабилизирање на вкупната состојба на Балканот. А за нас многу заради нашето вклучување во Европските и светските интеграции. Тој напор односно таа надеж мислам дека заслужува апсолутна поддршка на Македонскиот парламент, јас мислам дека заслужува и наш поздрав.

Предлогот на Владата на денешнава седница да не се расправа, односно да се одложи Информацијата го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (пратениците креваат рака)

Дали има некој против ? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (1 пратеник)

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Преминуваме на поставување на пратенички прашања:

Ве известувам дека Владата на Република Македонија достави одговори на пратеничките прашања на пратениците Назим Маљичи Дане Милошевски, Душан Николовски, Верид Мусовски, Газменд Ајдарага Владимир Соколовски, Симон Наумовски, Слободан Даневски, Димитар Трпеновски, Мирко Лазаревски, Хисни Рамадани, Атанас Вангелов, Драган Митевски, Горѓи Атанасов, Персида Малинска. Љупчо Беличев, Илија Каров и Борис Костаќев.

Дали пратениците што ги поставија овие прашања, во врска со истите имаат дополнителни прашања? (нема)

Преминуваме на поставување на пратенички прашања.

Дали некој од пратениците сака да постави прашања до Владата на Република Македонија, односно до министрите и другите функционери кои раководат со органите на управата.

Има збор Дане Давчев.

**САНДЕ ДАВЧЕВ:**

Почитувани пратеници, ќе поставам неколку прашања до министерот за култура.

Чувствувајќи како претседател на Собрание на Меѓународниот фестивал на забавна музика Мак-вес во Штип да упатам неколку прашања, а не е лошо тоа да го чуе и јавноста, зашто во последно време

се манипулира со Информација околу трошењето на средствата од, 'Буџетот на ова Минситерство.

Прво, дали во Министерството има правилник и критериуми врз основа на кои се доделуваат средства на корисниците и кои се тие критериуми.

Второ, да се даде преглед на манифестациите што се финансираат од Министерството и која манифестација со колкави средства е поддржувана и дали во Министерството постои поделба на оние кои имаат репродукционен карактер и оние кои се авторски, или создаваат нови вредности стимулирајќи го творештвото во земјава

Трето, издавачката дејност со колкав процент учествува во Буџетот и има ли примедби во оваа година да се плаќаат сметки од поранешните години и дали и во оваа дејност постојат критериуми.

**ТИТО ПЕТКВОСКИ:**

Молам, дали претставник на Владата ќе одговори.

(писмено ќе даде информација)

Има збор г-диниот Милчо Трајковски.

**МИЛЧО ТРАЈКОВСКИ:**

до Министерството за урбанизам, градежништво и екологија

Дали Министерството за урбанизам градежништво и екологија стои зад изјавата на г-дин Србиновски дадена на состанокот во хотел "Вила Зора" во Т.Велес по повод привременото затварање на погонот на Сулфурна киселина.

Во изјавата за јавноста г-дин Србновски меѓу другото рече "Ова е инцидентен случај, и понатаму ќе има акцидентни случаи, но од нив не треба да се прават проблеми". Потоа рече: "се прави неповолно дезинформирање на јавноста", потоа "решавањето ка акцидентот не би

зел ваков тек доколку сите одговорни лица се состанале на време каде би можеле "да седнеме, да кажеме ќе го толерираме овој проблем за период од толку и толку дена за да можеме тој прекин на технолошки процес го усогласиме со тие технолошки стандарди". И уште еден цитат "сите сме пребрзале и затаиле", без коментар.

Второ прашање до истото Министерство. Зошто ни после 23 години од постоењето на Топилницата во Т. Велес не е поставен мониторинг систем за следење на вредноста на тешките метали, олово и кадмиум во воздухот.

Трето, прашање - дали во работниот простор на Тополницата се вршат такви мерења и ако се вршат зошто не и се достапни на јавноста.

И уште едно прашање до Министерството за здравство.

Дали е точно дека морбилитетот од карциномот посебно на простата и тумури на мозок, како и на анемиите и бубрежните заболување и коштаните заболувања е поголем во Т. Велс во однос на другите градови низ Републиката. Дали се вршени такви испитувања и ако не се дали постои програма за тоа.

Одговорот може да биде во писмена форма.

**БЛАГОЈА СТЕФАНОВСКИ:**

Бидејќи Министерството за култура на моите 5 прашања пред 5 месеци не одговори, јас ќе го потенцирам прашањето што во овој момент ќе ја доведе културата до парализа. Тоа е прашањето кое го поставив гласеше: "Долговите кои се прифатени или неприфатени од минатото од страна на Министерството за култура веќе пред 15 дена и пред неколку месеци опфатија повеќе од 50% од годинешните приходи за функционирањето на Министерството за култура, или поточно само пред неколку дена се одлеани повеќе од 30 милиони во наводно, долго: спрема книгоиздателите или издавачките куќи со кои денес ниедна дејност од областа на културата не може да прими ни динар за функцијата и за материјалните трошоци. Прашувам уште еднаш сега и до претседателот на Владата дали долговите кои се по оваа точка направени или признати, на кое ниво не знам, долгови од минатото ќе паднат на терет на и така малите предвидени трошоци за функција и материјални трошоци на дејностите од културата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали барате да ви се одговори писмено или усмено. (Писмено).

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, прво ќе дадам едно кратко образложение, па потоа ќе го поставам прашањето. Кога го донесовме законот за трговија во ставот 1 на член 6 од Закон< за трговија стои дека на пазарите на кои што се даваат услуги за вршење на трговија на големо може да се врши исклучиво продажба на земјоделски производи. По мислење и сопствено толкување на некои вработени во Министерството за стопанство значи се забранува продажба на маслинки, чај, кафе, урми, фстаци, ориз, леќа итн., бидејќи истите биле преработени.

IV/2.-

Во номенклатурата на производи под шифра 0201 пишува земјоделско производство и се наведени кои се земјоделски производи. Јас нема да ги набројам шифрите, туку под одредена шифра значи поледелство, овоштарство, сточарство, лозарство, а никаде не пишува свежи и несвежи или преработени. Не е јасно кој ги измисли, по чија желба се тие ограничувања на свежи и несвежи земјоделски производи, така што доаѓаме до еден заклучок дека земјоделски производи не ограничува ништо, но значи продажба на се што е на земјоделско производство. Прашањето значи до Владата односно ресорното министерство што се подразбира по, поимот земјоделски производи, за да нема толкувања по мерка на одредени луѓе од Министерството за стопанство.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Барате писмен одговор.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Не писмен ако може усмено.

**РИСТО ИВАНОВ:**

Под земјоделски производи се подразбираат сето она што може директно од нива, односно од ораница да се донесе на пазар. Сето друго што треба да биде преработено, спакувано, додадено одредена преработка, сето тоа во шифрите на дејности, односно во номенклатурата на индустриски производи се има различни тарифни броеви и излез ва од графата земјоделски производи.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Најверојатно треба да се согласам да добијам писмен одговор затоа што по се изгледа треба таков одговор. Меѓутоа по прашањето произлегува што е оризот тогаш. Имаме арпа од ориз и ориз. Дали е индустриски производ или земјоделски производ. По се изгледа не мора министерот сега да одговара но писмено да ми одговори.

IV/3.-

**РИСТО ИВАНОВ:**

Затоа инсистирав писмено, затоа што во ниту еден момент не е идејата сето ова што се предвидува со законот да биде замаглено да нема воспоставување на нова пракса при регулирањето на односите во трговијата. Затоа сето она за што има спорови подобро е да се одговори писмено и секој таков проблем поединечно да се разрешува по што и досега беше праксата.

**ТОДОСИЈА ПАУНОВ:**

Господин потпретседателе, дами и господа. Беше поставувано повеќе пати ова прашање на седница на Собрание, меѓутоа повеќе години изминаа од прилика 4 до 5 години при што немаме никакво решение, ниту пак имаме во програма нешто што може да се направи имено кога ќе се вратат девизните штедни влогови на граѓаните. Мислам дека ова прашање по оваков долг период крајно време е да се направи една програма кога би можело да се вратат и на кој начин би можеле да се вратат девизните штедни влогови. На кој начин некако да добијат гаранција граѓаните дека девизните штедни влогови кои се вложени во Македонија, а кои се потрошени за македонското стопанство, македонски та индустрија дека ќе бидат вратени на граѓаните. Мислам дека треба една таква програма, така да јавноста, односно штедачите знаат нешто од прилика да имаат кога би се вратиле ваквите средства иако се наоѓаме прилично во сложени и тешки услови за враќањето, меѓутоа, да ја гледаме и другата страна и граѓаните што ги немаат средствата кога би се вратиле. Тоа е првото прашање до Владата на Република Македонија.

Второ прашање до Владата на Република Македонија исто така и тоа беше поставувано прашање, кога ќе се донесе Законот за денациолизација се припрема, се изготвува но никако да се донесе. Заради тоа не може да се спроведе Законот за приватизација, не може да се спроведе Законот за продажба на деловниот простор заради тоа

IV/4.-

што имотот на граѓаните не е расчиотен, не е вратен, а сигурен сум во тоа дека доказите за имотот на граѓаните ќе оди подолг период. Треба да чека сега приватизацијата и продажбата на деловниот простор да се утврдат овие права на граѓаните. Мислам дека треба да се забрза граѓаните да знаат односно да знаеме што може од денационализацијата да се врати на граѓаните и можностите какви што се. Сигурно дека кога треба да се даде малку е потешко, отколку да се земе . Заради тоа го поставувам ова прашање со желба да се забрза да се донесе законот каков таков тогаш ќе дискутираме и кога ќе се донесе да го имаме.

Третото прашање го поставив, добив одговор меѓутоа време повторно изминува , а работите не одат. Пет години веќе изминува како македонското стопанство е самостојно. Меѓутоа прашањето е кога ќе се донесе законот за царинските тарифи, заради тоа што условите се уште ги имаме од поранешните закони кои се на сила се до донесувањето на новите закони, меѓутоа, стопанството какво е веќе не одговара на степенот на развојот на стопанството. Под тие услови царинските тарифи биле тие. Сега е изменето стопанството изменети се условите увоз-извоз а царинската тарифа постои истата. Мислам дека крајно време дека треба да се забрза да се донесе Законот за царинската тарифа иако законот Владата го беше предложила ни беше речено дека не е предложен, не, дојде на дневен ред , меѓутоа не се усвои во поранешното собрание. Мислам дека тој треба да се дополни, да се доизмени и да биде ставен на седница на Собранието и да биде донесен да можат стопанствениците побрзо, поефикасно да ги решаваат проблемите со увозот и извозот. Може писмен одговор.

**ДИМИТАР НАСТЕВСКИ:**

Имам едно прашање на кое што барам писмен одговор до премиерот или до министерот за земјоделие, зошто престана исплатата на разликата на цената на тутунот и кога ќе продолжи и до кога би требало заврши, мислам дека може во усмена форма и второто

прашање е до Министерството за образование и физичка култура а најверојатно и до Министерството за внатрешни работи. Да се подготви целосна информација за настаните кои што се случија во Фудбалскиот сојуз на Македонија и се она што се случува сега со органите и телата на овој Сојуз. Бидејќи ми се чини дека е тука присутен во голема мера и криминалот, барем по тврдењето на претседателот, бидејќи она што се случува со "Победа" од Валандово, а сега што се случува со "Победа" од Прилеп, тоа е малку за поширок интерес на јавноста на Македонија. Овој одговор може во писмена форма.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Првото прашање беше за исмен одговор, дали е тука министерот за земјоделие. (Не е) и ова прашање ќе го добиете во писмена форма.

**НАНО РУЖИН:**

Моето прашање е малку слично на претходното , меѓутоа, со оглед дека "Победа" од Валандово веќе навлезе длабоко во материјата на правото во врска со Фудбалскиот сојуз на Македонија, јас би сакал да го изразам пред се мислењето на мојата изборна база, а тоа е следното: "Мислам прашањето се однесува до министерот за правда".

Прво, дали постои во оваа држава можност да се разреши проблемот со ФСМ, односно дали постои правна можност бидејќи според сегашните состојби ФСМ како една филијала на УЕФА или на ФИФА е практично недопирлива организација. До каде се протега нејзината автономност, бидејќи како што стојат сега работите, работите се следните: постои таква една узурпација, постои една таква самоволност во одлучувањето на челниците на ФСМ, газење на граѓанските права, на законитоста, дури и на Уставот, меѓутоа, изгледа никој во државата нема ни правна основа да застане на таквото самоволие. Значи прашувам

IV/6.-

значи прашувам дали постои закон со кој би се регулирал статусот на таквиот вид здружение во оваа држава. Бидејќи веројатно сите сме немоќни и што ќе каже еден човек таму, тоа станува закон во фудбалот благодарение на овие активности откриени се на голем број неправилности. зошто на пример граѓаните од Валандово сега немаат можност да гледаат прволигашки фудбал затоа што на некој му текнало дека 4 7 дена од одиграна утакмица, наводно според увидот на делегатот, инаку како што се вели во нашиот фудбал негов човек, прогласено е првенството за нерегуларно, а пред две недели се одржа утакмица каде што сите го знаевме резултатот кој заврши нула нула, сите во Републиката тоа го знаеме, меѓутоа сите сме немоќни. Затоа мојата интервенција е следната: дали постои закон да се стави крај на криминалот што се случува во ФСМ.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Се разбира писмен одговор.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

На 21-та седница на Собранието на РМ поставив неколку прашања, меѓутоа за жал, не добив ниту еден одговор. Јас ќе ги потсетам ценетите министри што ги прашав. Прашав колку меѓу двете ж:етви е увозено пченица, значи колку вкупно пченица има увозено и дали е платена давачката према државата на овој план. Потоа прашав кога ќе почне изградбата на водоводот кон Грција. Станува збор за носење на вода до овој граничен премин за потребите на нашата армија на полицијата и за неколку села што се простираат околу оваа границиа Понатаму прашав зошто директорот на земјоделското училиште во Битола не добив согласност од Владата за именување на директор на ова училиште. И понатаму не би сакал да повторувам што се друго прашав, бидејќи реков немам одговор на овие прашања. Јас би застанал

само 2 минути  на прашањето кој колку пченица увезе и дали платил досега давачка за ова жито. Сметам дека одговорот на ова прашање нарочно се избегнува од претставниците на нашата Влада, односно ресорните министри затоа што од овој увоз се криjат големи малверзации и овој увоз е вклучен во онаа корупција за која што сега нашата Влада најави "дека ќе се бори за нејзино отстранување. Имам сознание дека во 1994 и 1995 година во нашава држава се увозени над 220 илјади тони пченица. Ако за оваа пченица се платеше давачката во износ од околу 5 денари, тогаш денеска немаше потреба да расправаме за тоа кога како и на кој начин ќе се плати пченицата од домашното производство, која пак како што велат нашите ценети министри се проценува дека изнесува околу 185 илјади тони пазарен вишок. Сметам дека време е Владата да каже кои се увозниците на пченицата од сите страни на Балканот затоа што оваа пченица ќе го направи нашето земјоделство да биде зависно, да пропадне идната година веќе ништо да не се посади. Толку за ова прашање. А сега би поставил околу три прашања. Прво, добро знаете дека во нашава држава земјоделците во областа на нашето водостопанство плаќаат две давачки. Една е за наводнување, а друга за одводнување. Овие давачки што се измислени од бившиот систем нашите земјоделци ги плаќаат скоро 25 години по законите што важеа од овој систем. За голема жал е што веќе нашава држава 4 години е самостојна законите со кои што се плаќаат овие давачки продолжуваат и понатаму да важат. Во Битола овие давачки ги собираат водостопанство "Пелагонија11 и хидросистемот "СТрежево".

V/1 ДВ/ПН

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Водостопанството "Пелагонија" пред некој ден најави дека давачките што не се платени за 1994 и 1995 година ќе ги наплати со употреба на судски решенија и присилна наплата со полиција. Сметаме дека до ваква наплата нема да дојде и државата сигурно ќе стави рака на овие земјоделци да не дојде до присилна наплата. Ако државата тоа не го стори тогаш земјоделците ќе мора на свој начин да се бранат.

Второто прашање се однесува повторно до министерот за урбанизам, градежништво г-дин Шундовски, а се однесува на Биљаник.

Кога Владата на РМ ќе стави крај на проблемот за дислокација на ова битолско село. Да ве потсетам дека во изминатиот период се одржани неколку средби со жителите на ова село за решавање на проблемот за нивната дислокација во близина на РЕК "Битола", во некоја друга средина каде ќе се заштитат од се она што денес им го нанесува РЕК "Битола" преку прашината, нивното здравје и живот е нарушен. Меѓутоа, досега за тоа одговор нема.

Барам од г-динот Шундовски денес да ни каже усмено што станува со селото Биљаник.

Третото прашање е следното:

Во Битола постојат повеќе државни гаражи што граѓаните ги употребуваат за гаражирање на своите возила. Прашање е дали овие гаражи ќе може да се купат со заробени средства.

Инаку зачудува фактот како во Битола покрај диво изградените гаражи има и државни дивоизградени гаражи.

Дали претставникот на Владата на некои прашања ќе одговори писмено.

(усмено ќе дадеме одговор)

Добро, Владата се изјасни дека ќе даде усмен одговор на прашањата на г-дин Тантаров.

Има збор г-динот Ристо Трајков.

**РИСТО ТРАЈКОВ:**

Почитувани пратеници, ќе поставам едно превентивно пратеничко прашање.

Прашањето се однесува на земјоделските производи кои до сега немаа соодветен третман односно кршењето на забраната на увоз на домати, краставици, пиперки, а сега најавата за увоз на куртова капија. Тоа ми дава за право да го поставам тоа прашање. Имено, дали Владата односно Министерството за стопанство и Министерството за образование мислат да дозволат увоз на индустриска пиперка, односно куртова капија.

На прашањето барам одговор, ако може усмено, ако не писмено.

**РИСТО ИВАНОВ:**

Според сегашниот режим и утврдените контингенти за оваа година тоа не е дозволено. Меѓутоа, писмено би го информирал пратеникот за сегашниот режим на овој производ, а за предлози дали ќе има измена досега, во рамки во процедура на Владата нема покренато таква иницијатива.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За другиот дел од прашањето Владата ќе даде писмен одговор.

Има збор г-динот Слободан Најдовски.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Јас имам односно сакам да поставам две прашања и веднаш да кажам дека може и писмено да ми се одговори.

Прво, кога и каде се планира урбанистички да се разреши влезот во Битола од клучката кај населбата Горно Оризари. Во склоп на тоа како се формира урбанистички да се реши и патот низ населбата Горно оризари и улицата "Железничка" како заобиколен пат за поврзување на патот Прилеп – Битола - Охрид, со патот грчка граница.

Ова прашање го поставувам од причини што овој пат односно сега наречена улица која го поврзува патот Прилеп- Битола - Охрид и која што минува низ населбата Горно оризари, долги години не е разрешено прашањето на тротоари низ оваа населба, а таа населба од ден на ден се повеќе расте и е прилично голема, со приличен број на жители.

Второто прашање е што сакам да го поставам е до министерот за стопанство.

По барање на производителите на пипер во општината Битола, со донесувањето на Законот за трговија тие повеќе не смеат на пазарот за земјоделски производи да продаваат пипер.

Би молел писмено да ми одговори како планира да се разреши овој начин за продажба на пиперот, дали со упатство или како, но во најскоро време да се регулира продажбата ка овој производ.

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

Комплетно, по првото прашање што се се прави за проектирање или за определување на влезот во Битола од клучката кај Кукуречани до раскрсницата во Битола, се изработува предлог измени на детално урбанистичко решение каде што овој влез се предвидува да биде булеварски или двосмерски, двапати по две ленти, со тоа што околу оваа влезна магистрала која треба да претставува регионална делница за поврзување на клучката со патниот правец спрема Грција, се урбанизира комплетниот потез или се врши преурбанизација на комплетниот потез околу патниот правец. Со тоа најверојатно ќе се настапи многу брзо пред органите во општината Битола за донесување на измените и дополнувањата на деталното урбанистичко решение за населбата Оризари.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Илија Каров.

**ИЛИЈА КАРОВ:**

Почитувани пратеници, прашањето се однесува до Министерството за урбанизам и Министерството за здравство.

Водата за пиење е насушна потреба на секој човек. Меѓутоа, жителите од најголемите села во Кочанско: Облешево, Чешиново и Чифлик немаат обезбедено вода за пиење и не се приклучени на градскиот водовод. Секое домаќинство користи вода за пиење од свои чешми и бунари без проверен квалитет и не се знае здравствената исправност на таа вода.

Што планираат да преземат споменатите министерства за обезбедување на здрава вода за пиење за селата Облешево,Чешиново

и Чифлик во кои живеат над пет илјади жители.

Второто прашање се однесува до Министерствоот за здравство и Министерството за стопанство.

Царинската испостава во Штип постои повеќе Од 20 години и егзистира во склопот на царинарницата во Скопје. До неодамна беше единствена царинска испостава во Источна Македонија и покриваше над 9 општини. До денес нема обезбедено пазаришен ни санитарен инспектор.

Што планираат споменатите министерства да направат во иднина овој тежок проблем да се реши, а во интерес на побрзо царинење на стоките во Штип и Делчево.

Да напоменам дека сега сите проби од растително и животинско потекло се носат од споменатите општини во Скопје за анализа и преглед, со цел да се издадат соодветни уверенија, а тоа чини многу пари и бара многу време.

Одговорите би можеле да бидат и писмени.

**ФАИК АБДИ:**

Дами и господа пратеници, многу ми е жал што првиот ред не е потполнет, односно многу од министрите не се присутни на седницата. Јас би поставил едно вакво прашање: ако некој од вас не знае, бидејќи сите сме во еден нов состав, во 1993 година некаде при крајот на август престојуваше германска делегација во Скопје од Северна Рајна Веспалија на чело со г-динот Рауф, претседателот и г-динот Клемент, негов близок соработник. Еден ден попладен ми беше одреден мене, го прошетав низ Шутка да види што е и како е и седнавме во една просторија да разговараме и да се очитаат господата од Владата што

направиле со парите што се добиени.

Г-динот Алекоандар Шумковски од Министерството за урбанизам беше таму, поранешниот министер г-динот Пешев, г-динот Јане Миљовски. Г-динот Шумковски се очита и рече дека направиле тоа и тоа и на крајот рече и да дополнам дека направивме ново училиште, нова детска амбуланта и нова детска градинка. Ве молам, сите тие 3 објекти постоеја од пред 10 или 15 години. Школото по земјотресот беше изградено. Прашувам каде отидоа парите. За тоа е запознаен и претседателот на Републиката Киро Глигоров, а г-динот Глигоров ми кажа дека е запознат и г-динот претседател на Владата, г-динот Фрчковски. Ги викна на разговор, што направија и како направија, после кога отидов таму ми кажаа дека ни глас ни трага од таа работа. Како да сакавме да се пофалиме пред Германците. Така изгледа тоа. Не можеме да се пофалиме пред Германците. Тука има нешто друго.

Вие знаете дека тоа пршање јас го поставував два три пати. Поставив и едно прашање на кое што никако не можам да добијам одговор, туку заедно со г-динот Шундовски разговаравме.

Помошта што ја добивавме од Германија излезе како да требаше да ја добиваме во нафта и нафтени деривати, многу е оправдано за училишта и т.н. меѓутоа, луѓето ги вратија парите и тие се наоѓаат денеска во градската каса, не денеска туку уште пред 4-5 месеци, ние е кажано од г-динот Шундовски. Тие средства се со намена за изградба на 2-3 улички баш во тој реинтегриран дел, каде што живеат Ромите и на една уличка од кај што извираат фекалиите. До ден денес никој во државата не може да му нареди на г-динот Љупчо Николовски. Никој не може да му каже што е со тие 200 илјади ДМ. Што држава сме ние?

Овие две прашања Владата треба под итно д ги разгледа, а поготово што зима доаѓа а тие 2-3 улички треба да се направат.

Понатаму, ме интересира за последниот прием на деца во прва година средно училиште, каков е националниот состав бидејќи имаше на ТВ отчет каде се рече дека ученици што учат на македонски, албански и турски. Тоа значи сите што учат на наставен македонски јазик се македонци. Ромите учат на наставен македонски јазик. Затоа не е лошо Министерството за образование да ни даде еден преглед по национална припадност кој ученици се запишани во I година во сите средни училишта во Републикава.

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

По однос напрвото прашање во Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина постојат пишани документи колку пари се примени од страна на Сверна Рајна Бесвалија за изградба на кампот кој се градеше во Шутка, и точно каде се пласирани тие средства. За тоа може и во писмена форма а се одговори.

Но, она што останува уште еднаш да го одговориме, јас еднаш одговарам од оваа говорница, е на вториот дел од прашањето околу парите кои се пребиени со нафта и нафтени деривати во градот. Тоа исклучиво од средствата за уредување на градежното земјиште кој се трошат со посебна програма која ја донесува градот. Ние по добивање на согласност од страна на градот, во програмата јасно укажавме дека треба да се вратат парите и на некој начин да се реинвестираат во тие населби. До ден денес такви потези од Градското собрание се уште нема. Јас се надевам во блиска иднина тоа треба да се случи, дека тие

средства што беше компензирано со нафта и нафтени деривати треба да се наменат за делови од таа населба.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Петре Трајановски.

**ПЕТРЕ ТРАЈАНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, имам 3 прашања на кои барам писмен одговор.

Со програмата за изградба и реконструкција на регионалната патна мрежа за 1993 година, патниот правец Скопје - Македонски брод беше предвиден со оваа програма и беа обезбедени средства за изработка на техничка документација, а во 1994 и 1995 година со програмите беа предвидени средства за изградба на дел од овој патен правец.

Со оглед на тоа што, според мене, работите не се одвиваат така како што треба, а и средствата предвидени за овој патен правец не се користат наменски. Поради тоа ги поставувам следните 3 прашања.

Прво, до каде е со изготвувањето на техничката документација за овој патен правец, второ, зошто истовремено се изготвува техничка документација од повеќе градежни претпријатија како што се Гранит, Пелагонија и Шумарскиот факултет, дали е поради тоа што имаме многу пари и трето кој е изведувач на работите на овој патен правец и врз основа на кој договор стана изведувач, четврто, која е улогата на "Јасен" од Скопје во врска со изградбата на тој патен правец, бидејќи "Јасен" склучува договори за изградба на тој патен правец и петто колку

средства се потрошени досега за овој патен правец и за што истите се потрошени, според мене многу, а за многу малку и за неизвршени работи.

Второто прашање е во врска со снабдување со вода на селата Брегово и Пласница од општината 'Македонски брод од хидросистемот Студенчица кој со основниот документ се предвидени, па поради тоа прашувам дали има можност овие две села да бидат приклучени на овој водовод, бидејќи постојат технички услови а и не се големи потрошувачи на вода, 10-12 литри во секунда, со што не би се загрозиле другите потрошувачи.

Трето прашаше, на подрачјето на општина Македонски брод покрај полициските станици на одделението за внатрешни работи постојат уште две полициски станци кој не се во надлежност на ова одделение. Поради тоа прашувам дали има можност овие две станици да бидат приклучени кон одделението за внатрешни работи во Македонски брод, затоа што само така би си ја извршиле својата задача, а во вакви услови како што сега се поставени немаат никакво значење и само претставуваат еден дополнителен товар за државата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Бранко Арсовски.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Јас мислам да поставам неколку прашања, мислев дека тука ќе бидат ресорните министри, бидејќи кога ги пишував тие прашања беа сите присутни и мислев тие прашања да бидат одговорени усмено затоа што мислам дека со писмените одговори многу се одолговлекува.

Првото прашање би го поставил до г-динот Шундовски.

V/10

Во РМ во моментот како сме поставени ми се чини нема орган кој ги разрешува станбените проблеми на граѓаните на РМ кои ќе се најдат во една таква положба. ова посебно го потенцирам на категорија социјални случаеви кои се корисници на одредени права, знаете државата партиципира во нивната егзистенција, а во момент ако се тоа семејство најде криза нема кој да го разрешува тој проблем.

**БРАНКО АРСОВСКИ**: (Продолжение)

Ми се чини, тука сакам еден усмен одговор, дали се работи за она претпријатие кое е за деловен простор, е најодговорно или се работи за вашето, конкретно Министерство и каква е постапката во разрешување на тој проблем. Практичната проблематика е многу усложнета и луѓето остануваат долго пред центрите за социјална работа на врата, каде спијат под разни услови,а нема кој да го разреши тоа прашање. Тоа е едно.

Второто прашање го поставив пред седум-осум месеци. Меѓутоа ресорниот министер пак не ми е тука и ми е жал, да ви кажам право бидејќи не добив ни конкретен одговор, беше прашањето кога ќе се донесе Законот за води? Мислам дека и она што го постави господинот од Битола, Тантаров во врска со конфликтите што се јавуваат на таа основа произлегуваат исклучиво од неносење на Законот за води. Мислам дека овој конфликт полека полека се шири и добро е ние овде во Република Македонија, посебно ресорното Министерство да предложи еден таков закон за да ја амортизираме проблематиката врзана за водите. Сега наидуваме на година кога треба да се учествува во партиципацијата во користење на вода. Таа вода е поделена во два дела, користел не користел итн. и граѓаните се многу незадоволни посебно во општина Куманово, а да не зборувам дека се и доста организирани и нивните интервенции се доста бучни. Би барал од министерот, односно Владата што е можно побрзо да излеземе со еден таков закон. Јас мислам дека не е толку сложен тој закон да се направи. Ако каже дека не може да го направи да формираме една комисија од стручњаци, да направиме таков закон и да го предложиме пред овој Парламент, да го усвоиме за наредната година.

Третото прашање се однесува до господинот за врски и комуникации, мислам дека ние во Куманово имаме еден многу сериозен проблем со одлуката и активностите што произлегоа по однос на радиото и приватните телевизии.

Прашањето е следно, дали се уште е на сила оваа активност на Владата или постои одреден мораториум до носењето на овој закон во собраниска процедура? Мислам дека ова прашање е доста актуелно. Имаме сериозни проблеми и добро би било да се даде еден конкретен

Би молел сето ова што го поставив да биде усмено, да не одолговлечуваме со писмено.

Четвртото прашање е наменето до министерот за здравство. Не знам како е во другите општини, но за Куманово ми е општо познато, а разговарајќи со моите колеги низ Републикава, дојдов до констатација дека снабдувањето со лекарства во Република Македонија е на многу ниско ниво. Без разлика дали се работи за позитивна листа или се работи за другата. Експанзија на приватното е многу голема и тврдам дека најголемиот број на граѓани, посебно пензионери со ниски пензии се наоѓаат во многу критична ситуација за подмирување на лекарствата.

Прашањето е дали Фондот и Министерството за здравство имаат увид колку можат да обезбедат лекарства во текот на месецот за онаа позитивна листа? Ако ви кажам дека нашите социјални случаи а не се малку, тука е ресорниот министер, се работи за 60 илјади семејства корисници на одредени права, половина од парите што ги партиципира државата во нивната егзистенција исклучиво ги трошат за лекарствата.

Мислам дека не е коректно. Тука механизмот мора да проработи за да ги заштитиме овие граѓани што се наоѓаат во навистина тешка положба.

Уште едно прашање, не ми беше одговорено кога премиерот ќе ја даде листата за избор на заменици на министри? Мислам дека, помина веќе цела година, се уште не е предложена таа листа. Да видиме, да имаме заменици министри, легални, избрани од ова Собрание и понатаму да се тоа знае.

Молам усмени одговори, не сакам писмени.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор Јорго Шундовски.

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

По однос на првото прашање, можам да кажам дека државните станови се во надлежност на државата. Конкретно, со нив стопанисува и управува Владата на РМ. Во делот на стопанисување со станбениот државен фонд надлежноста за стопанисување е пренесена преку Законот за формирање на Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор токму на тоа Јавно претпријатие, а додека ингеренциите и надлежноста на управувањето со становите во државата Македонија е ингеренција на Владата, а таа надлежност сега засега ја води Комисијата за станбени прашања при Владата на РМ.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господин Арсовски.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Мислам дека е тука проблемот што имаме некоја си ексмисија при Владата која ги разрешува проблемите сврзани за станбени прашања

на граѓаните на Република Македонија. Апсурдно е тоа да ви кажам искрено. Тие практично нити можат тоа да го разрешат. Замислете си едно ресорно министерство, денеска се јавува проблемот со вселување на одредено лице. Тоа ресорно министерство, знаете што прави, еве вие поднесете молба, ќе дојде до нас ние ќе го проследиме до Комисијата а Комисијата ќе решава по вашето прашаше. Мислам дека тука проблем е многу јасен и конкретен и мислам дека ова нема никаква практична вредност. Ако тоа не се измени во некој практичен стил мислам дека е катастрофална да чекаме некоја владина комисија да решава. Јас, подразбирам владина комисија да решава по прашања на станбени прашања на пратеник, на функционер итн. Но, да решава за социјален случај кој лежи со пет деца пред просториите да се води некоја постапка, со година, тоа е катастрофа. Затоа велам дека системот е неуреден и тоа треба благовремено многу брз да се заврши.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Доколку пратеникот не е задоволен со одговорот или задоволен може да бара на Собранието да се отвори расправа.

Има збор господин Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Активностите што се присутни во рамките на инспекциските служби при Министерството за сообраќај и врски не се базираа на посебна одлука на Владата, така што во овие активности се користат постојните законски регулативи што ја третираат таа област, а што првенствено се однесуваат на техничките аспекти од кои што како стандарди би требало да ја обавуваат оваа област одредени субјект; во нашава држава.

Не станува збор за некоја организирана и со од тука насочена активност на тие инспекциски служби, туку едноставно за реализација на

тековни и дневни задачи, поставени пред тие инспектори а се однесуваат на доследно исполнување на законската регулатива што ја третира оваа област.

Во јавноста, од разни причини, по разни поводи многу се замаглуваше оваа активност и се повикуваше дека таа базирана на некој стар закон за радио дифузија што е дерогиран во својата содржина, донесен уште 1974 година. Но, правата вистина е дека таа активност се реализира по Законот за системот за врски, радио- врски и радио-предаватели, што е наш македонски закон и по кои што се донесени одредени правилности што ги регулираат техничките норми врз основа на кои треба да се реализираа оваа активност.

Со оглед на тоа дека постои една огромна бројка на вакви субјекти, а со оглед на тоа што постои и ограниченост во етерот во рамките на радио - фрекфентните опцеси за извршување на оваа дејност нашите служби се определија да воспостават одредени критериуми по кои се реализираше таа активност и ќе се реализира таа активност во наредниот период, кои што критериуми ги насочија од аспект на приоритетност, а беа поврзани со евидентираноста или неевидинтираноста на таквите субјекти во поранешниот секретаријат за информации до април 1993 година и сите оние што не се евидентирани се санкционирани од инспекциските служби со одредени записници или решенија за времено стопирање на таа дејност. Тоа беше првиот носечки критериум по што се фатија околу 50-тина субјекти. Останатите 38 субјекти беа инспектирани, а кај нив се користеше критериум од користењето на фреквенцијата што тие ја користат к нејзиното влијание, т.е. негативно влијание врз фреквентните опцеси што треба да се заштитени и се користат за обавување на дејноста на некои специјални служби во нашата држава, вклучувајќи ја и онаа што е како посебна дејност во авио сообраќајот.

Инаку, сакам да кажам дека таа активност ниту е ставена во мораториум, ниту пак сметаме дека треба така да се однесува нашата служба во рамките на нашето министерство. Но, во оваа прили да истакнам дека имаме доста некоректен и неделовен однос на субјектите кои, располагајќи со таа техника што ја имаат и покрај донесените решенија повторно се активираат. Нашите служби се принудени на повеќе наврати да се навраќаат кај одредени субјекти за регулирање на тој административен акт што го имаат издадено. Но, целокупната активност се уште не ефектуира со доследно нејзино реализирање бидејќи станува збор за доста комотен однос кој што секако како однос ќе го имаме предвид во идните наши активности при доделување на оние фреквентни опцеси што би требало по нашата нова регулатива по донесувањето на Законот за телекомуникации да воспостават базични акти по кои што ќе се доделуваат тие фреквенции.

Цениме дека во интерес на средување на состојбите во етерот моравме да ја активираме работата на инспекциските служби. Цениме дека е тоа потребно и натаму да се реализира и наредниве денови ќе продолжи и ќе се интензивира таа активност.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор министерот господин Филипче.

**ИЛИЈА ФИЛИПЧЕ:**

Би сакал да се заблагодарам на пратеникот Бранко Арсовски кој навистина постави витално прашање кога се однесува до здравствената сфера во Републиката, прашање што го засега секој еден граѓанин.

Во Министерството многу добро ни се познати проблемите со снабдување со лекови. Можам да ви кажам, откога сум јас дојден во Министерството ние презедовме активности, прво да видиме како стоиме

со финансиите. Сега, за прв пат покажавме загуба и во Фондот во здравството, иако до сега тие загуби се криеја. Тоа значи дека имаме најмалку 50% помалку прилив од придонеси, а тоа значи дека 50% ќе има помалку средства за лекови.

Што планираме како Министерство да направиме? Пред се планиравме да ја намалиме позитивната листа на лекови што брои преку 150 лекови. Тоа подразбира донесување на доктринарни ставови да се знае која болест со кои лекови ќе се лекува. Еднаш треба дефи итивно да раскрстиме со синтагмата дека добар доктор е оној е кој дава многу лекови. Можам да ви кажам дека на запад позитивните лист имаат од 15 до 2 0 лекови.

Второто нешто што ќе треба непремено да направиме е да распишеме лицитација за набавка на лекови. Тоа ќе значи лицитација, набавка на лекови за целокупното здравство во Републиката, неоставајќи можност на другите медицински центри на раководните структури да набавуваат лекови. Тоа од една страна ќе ни донесе ефикасен и евтин лек.

Она што сакаме да го направиме е набавката на лековите да биде директно од производителите а не преку веледрогериите. На тој начин сметаме дека до 40% ќе ги намалиме средствата потребни за лекови.

Она што се судирам со одредени директори и поради што извршив извесни измени е фактот дека одредени директори со цел да направат недостиг со лекови во исти ден ги уфрлаат сите лекови пазарот. Со новонаименуваните директори и оние директсри кои остана на своите позиции сме договорени лековите да се уфрлаат по апотеки секој понеделник континуирано, во одредени количини, така што да :-:е дојдеме во ситуација да има денови кога ќе немаме лекови.

И евентуално тоа што во далечна перспектива ќе следи апотеките да ги приватизираме,а ние да формираме фондовски лекови во секој град да се знае пензионерот во Скопје, во кој апотеки ќе оди и ќе може да ги набави лековите од позитивната листа. Исто так планираме и со другите центри тоа да го направиме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господин Рами Туда.

**РАМИ ТУДА:**

Јас има само едно прашање и се упатува до Министерството за образование и физичка култура.

Има повеќе од два месеци што до Министерството за образование и физичка култура е покрената граѓанска иницијатива, односно барање од повеќе од десет месни заедници и група граѓани 200 и повеќе родители, а се работи, доставен е елаборат, за основање на средно училиште "Хајдар Души" во град Струга.

Прашањето гласи зошто до денеска нема одговор за ова прашање и кога ова Министерство ќе одговори на оваа иницијатива, имајќи предвид дека учебната година почна.

Барам писмен одговор.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господин Котевски Славко.

**СЛАВКО КОТЕВСКИ:**

Господине потпретседателе, драги пратеници јас имам две пратенички прашања.

Едното прашање е зошто не се дозволува извоз на пченично брашно кога имаме проблеми со исплата на пченицата, а од друга страна на увезеното брашно имавме прелавмани. Се уште се воведени и важат.

Второто прашање е дали може да се забрани увоз на пивски слад за пиварите во Република Македонија. Ова го велам ради тоа што Сладарата во Прилеп од ланската година има 10.000 тони пивски јачмен, а оваа година уште 35.000 тони пивски јачмен што седи во складишта во Пиварата а јачменот е на производителите кои до денеска ниту има изгледи да се купи од некого или да се плати.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господин Кире Видимче.

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Би сакал да поставам две прашања.

Дали постои некое упатство или наредба екипажите на граничните премини, кога мислам екипажите мислам на службениците на царината и службениците на МВР систематски и организирано на граничните премини пропуштаат одреден број возила во одреден временски период? Ако не постои такво нешто, зошто се толерира многу спората работа, а во чести случаи апсолутната неработа, пак ќе кажам на екипажите на граничните премини, кога сите знаеме дека граничните премини се места каде што странските граѓани го имаат првиот контакт со Република Македонија.

Да образложам. Имав среќа или несреќа на 5 август околу 16,00 часот да бидам на граничниот премин Ново Село заради тоа што на бугарскиот дел од граничниот премин поминав за некаде три или четири минути, што по наши досегашни искуства е нешто неверојатно. Но од неколкуте последни преминувања на таа граница многу коректно и многу брзо се врши работата од таа страна. Преминот во нашата територија беше со 3 часа чекање. Останати бевме на територија меѓу Бугарија и Македонија 3 часа. За тоа време службениците на Царината и Полицијата едноставно си седеа и разговараа и вози~ат ги држеа на одредено растојание од нив за веројатно да не им пречат

**КИРЕ ВИДИМЧЕ** (продолжение)

За тоа време поминаа меѓу 30 и 40 коли, но не тие што чекаа на ред, туку преку ред, дел од нив странски, дел од нив наши возила.

Би сакал за ова да добијам конкретен одговор. Второ прашање: Дали дезинфекцијата што се врши на возилата при влез во Македонија е задолжителна за сите возила и што значи за обезбедувањето на Македонија од можни заразни неспроведувањето на оваа мерка и дали некој од службениците на граничните премини се земени на одговорност за евентуално неспроведување на оваа мерка.

Образложение: Во исто време додека чекавме на тој граничен премин сите тие 30 до 40 возила кои преминаа преку ред воопшто не беа третирани со средства за дезинфекција. Покрај нетретирањето, нормално на нив не им се наплати, така што еден дел од средствата што треба да ги земе Републиката се намалија, но поопасно е по мое мислење што воопшто не беа третирани, можам да речам дека половина од тие возила беа наши, а половина беа странски, бугарски или не знам какви.

Според тоа, многу е непријатен моментот кога ќе видиме дека одредени работи кои претпоставувам се поставени таму за да имаат своја функција односно дезинфекцијата е сигурно во добра функција на обезбедувањето на здравјето во нашата Република, најмалку со 20 до 30% од возилата кои се на премин воопшто не се спроведува.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Аце Коцевски.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Првото прашање е до министерот за здравство.

Според Правилникот за начинот и роковите за доставување на

извештаите за извршените мерења, контрола и евиденција на мерењата од испуштените штетни материи во воздухот, член 2, предвидено е да не го читам целиот член - дека надлежните органи се должни веднаш да го известат општинскиот орган на управата надлежен за работите на санитарната инспекција и Републичкиот хидрометеоролошки завод. Бидејќи во случајот со загадувањето од Топилницата во Т. Велес е очигледно дека надлежните органи кои ги мерат тие загадувања навреме не го известиле Републичкиот хидрометеоролошки завод и општинската санитарна инспекција, поради што не се преземени благовремени мерки, што мисли односно што ќе преземе министерот за раководните лица кои не си ја исполниле својата обврска и не ги доставиле податоците благовремено.

Второто прашање исто така е поврзано во врска со загадувањето во Т. Велес од топилницата. Според Законот за заштита на воздухот од загадување ("Службен весник на СРМ" број 20/74 година) во една одредба од него се вели дека индустриските објекти не смеат да испуштаат во воздухот штетни материи во количества што концентрацијата на штетните материи во воздухот во населените места ќе ја зголеми над максимално зголеменото ниво и тоа сулфур диоксид 0,5 милиграми на м , тоа е максимална количина за поединечни мерења и 0,15 милиграми на метар кубен максимално средно дневно мерење.

Прашањето е упатено до министерот за урбанизам, градежништво и заштита на човековата околина: што е преземено и ако не е што ќе се преземе против раководните лица на претпријатијата кои не се придржувале на оваа одредба и не преземале благовремени мерки за технолошко стопирање на производството кога уочиле дека според мерењата се пречекорени овие законски количини или пак Министерството мисли да предложи измени и дополнувања на законот па да ја зголеми таа концентрација, да може во Велес да се живее со

многу поголема концентрација на сулфур диоксид и тоа да биде во законски дозволени граници.

Третото прашање инсистирам да биде усмено одговорено доколку има овластен министер што може да одговори на тоа прашање. Тоа е во врска со процесот на приватизација. Имено, дали е отворена посебна републичка сметка за пренесување на средствата од приватизацијата што ги остварува Агенцијата за приватизација на претпријатијата со општествен капитал, зошто Владата на Собранието се уште му нема доставено програма за намена на средствата од приватизацијата и зошто Агенцијата, покрај извештајот за работа, не поднесе и извештај за користење на средствата од таа посебна сметка. Велам, инсистирам да биде одговорено усмено а во спротивно ќе го повлечам прашањето затоа што нема да има резон бидејќи продолжуваме со прекинатата 21 седница, а ова е тема за расправа на таа седница.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот министер за здравство Илија Филипче.

**ИЛИЈА ФИЛИПЧЕ:**

До Министерството за информации за критичната состојба во Т. Велес информација добивме на 23 или 24-ти, не се сеќавам точно, знам дека беше среда. Информациите не беа потврдени, беше констатира висок степен на максимално дозволена концентрација на сулфур - диоксид и зголемен број на респираторни заболувања кај младата популација. Тоа беше во средата. При повторна проверка и по потврдувањето на тие резултати, после два дена, веднаш беше дадена забрана за користење на објектот.

Инаку, можам да кажам дека за лицата кои првовремено не доставија информации преземени се дисциплински постапки, а исто така во Министерството во соработка со Заводот за здравствена заштита повторно за една до две недели се организира конференција за печат,

на која ќе биде разгледан проблемот со загадувањето во Т. Велес со сите можни последици, причини и досегашни активности.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Јорго Шундовски.

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

Што се однесува до второто прашање, мислам дека пратеникот погрешно го постави и на погрешна адреса го упати ова прашање, но ако се прави некоја паралела помеѓу почетокот, барањето на точка за информирање на Парламентот и ова прашање, јас би одговорил дека надлежен субјект се до донесувањето на законот за заштита и унапредувањето на животната средина не е Министерството за урбанизам, тук се други субјекти. Кога ќе се донесе тој закон, веројатно точно ќе одговорам на прашањето кое го постави пратеникот.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Тогаш прашањето да биде упатено до надлежниот субјект

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Добро, прашањето ќе биде доставено до надлежниот министер

За третото прашање околу приватизацијата- писмено.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ :** (од место)

Не, го повлекувам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Добро, пратеникот го повлекува поставеното прашање.

Има збор г-динот Руфи Османи.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Јас ќе поставам неколку прашања накратко.

Прво, врз база на кои прописи е повратен имотот на Македонската православна црква и кој недвижен имот е повратен по објекти и зошто врз база на истите прописи не се враќа имотот на Исламската верска заедница и на Декташијанската исламска заедница.

Прашањето го упатувам или до Министерството за култура или до Министерството за правда.

Второ, на кои правни лица се дадени контингентите за увоз и извоз на роба за 1994 година и за периодот јануари - 30.^1.1995 година со податоци за вредноста на робата поединечно по правни лица.

Прашањето го упатувам до Владата на РМ, бидејќи се работи за неколку министерства па тие сигурно заедно ќе одговорат.

Понатаму, дали засновањето на работен однос надвор од институтот конкурс односно оглас е заснован на законот за работни односи.

Ова прашање го упатувам до Министерството за правда од причини што во Гостивар постои тенденција на огромно вработување, особено во школството, надвор од конкурси односно огласи.,

Понатаму, со кои нормативни акти е регулирана стопанската соработка со Србија и Црна Гора, имајќи го предвид ембаргото воведено од ОН кон овие држави и во овој временски период, значи откако ембаргото е во сила колкав е бројот на евидентираните прекршители на ова ембарго и која вредност.

Ова прашање го упатувам до Министерството за стопанство.

Исто така јас сум должен да повторам две прашања кои ги имам поставено пред седум и повеќе месеци, а кои се однесуваат на следното, за кои до ден денес немам добиено одговор, и покрај тоа што со Деловникот на ова Собрание е обврска на Владата во рок од еден месец да достави одговор. Се работи за следното:

Која е националната структура на вработените лица кај корисниците на Републичкиот буџет, под а) функционери и под б) останати.

Уште едно прашање: Колкави се вкупните трошоци за Универзитетот во Скопје и Битола поединечно за 199 4 година.

Првото прашање го упатувам до Министерството за финансии, а второто до Министерството за образование. Останувам со надеж дека ќе добијам писмени одговори.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Хисен Рамадани.

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Почитувани колеги и министри, јас го молам секретарот да му помогне на претседателот при поставување на прашањата за -а може сепак да се запази некој ред. На пример, еден час и две минути пред пратеникот Коцевски сум барал збор за да поставам прашања. Не е лошо и ова, но колеги сме, сепак да се запази редот.

Јас имам две практични прашања и едно би рекол дидактично дури индиректно беше поставено тука.

Едно од прашањата е следното, до министерот за урбанизам односно Министерството, министерот нека оцени дали сега треба тоа да се каже. Прашувам со каков тип на пат ќе бидат поврзани населените места за излез односно за вклучување во автопатот Тетово - Гостивар, мислам на двете страни на патот. Прашањето го поставувам заради следното. Се слуша и стручните лица таму кажуваат дека населените места ќе бидат поврзани со макадам пат и јас сакам да укажам дека сите тие населени места веќе се поврзани и досега беа поврзани со асфалтен пат, со постојниот пат и второ, сметам дека е под стандардот на автопатот, на патиштата од типот на автопат да се излезе од макадам, тоа значи со кал и со песок.

Второто прашање е до Министерството за финансии. Прашувам како се спроведува неговата иницијатива надлежните органи да ја спроведат одлуката на Врховниот суд, под знакот ГСС број 45 9 од 9.III.1945 година со која се поништуваат одлуките на продажба на општествено земјиште од страна наШИК Јелак на приватни лица. Значи

таа одлука и тој нелегален купопродажен процес е поништен од страна на врховниот суд и надлежните министерства пред се Министерството за финансии односно делот за управно - правни работи е должен таа одлука да ја спроведе, бидејќи и од мојот личен увид убеден сум дека и на- таму тече бесправното градење таму, молам да ми се одговори брзо, по можност да се преземат и мерки за да не продолжи тоа.

Третото прашање е повеќе дидактичко, но мислам дека тоа им; и политичко значење. Мислам дека еден колега сега го постави тоа прашање, а јас ќе го формулирам понепосредно. Имено, дали има и каков е притисокот врз Министерството за надворешни работи, Одделението за контингенти, не знам како точно се вика, од страна на пратениците, министрите, политичките партии и другите државни функционери за протежирање на фирми и кои фирми во врска со доделување на контингенти за увоз на стока кои се под посебен увозен режим.

Молам да ми се одговори писмено, а за првото прашање министерот може да ми одговори усмени.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

На прашањето ќе биде одговорено писмено.

Има збор г-динот Мирко Пецов.

**МИРКО ПЕЦОВ:**

Почитувани пратеници, соочувајќи се и во 1995 година со пад на индустриското производство, а со тоа мислам и на општествениот производ, прашувам: Какви се проценките на Владата за остварување на планираниот пораст на општествениот производ од 0,8% за 1995 година и кои мерки ќе ги преземе Владата до крајот на годината за реализација за оваа најважна стопанска цел на Републиката за 1995 година. На прашањето да ми се одговори писмено.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Бекир Жута.

**БЕКИР ЖУТА:**

Вообичаено е да се подготви септемвриска анализа за остварувањето на макроекономската политика за првите 8 месеци од годината за да заврши со оценка до крајот на годината. Без да се направи таа анализа, да се заврши анализата и да ја разгледа Владата, се би било на памет речено, а она што очекуваме од првата денешна точка, тоа би била една од индикациите која би ги менувала сите правци ако работите завршат во тој правец.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Сепак писмен одговор да се даде.

Има збор г-динот Мирко Лазаровски.

**МИРКО ЛАЗАРОВСКИ:**

Почитуван потпретседател, почитувани министри, почитувани колеги, имам две кратки прашања. Едното е до министерството за здравство. Кои се објективните критериуми за поставување директори на медицински центри, а кои се правните последици за променетите директори кои се сменети под име организационо неспособни, без пошироко образложение и без последици за нивните големи пропусти што ги направиле.

Второто прашање е до Министерството за труд и социјална политика, замина министерот ќе барам писмено да ми се одговори. Имено, колкав е зголемениот број на новопријавени социјални случаи во првите 6 месеци од оваа година во нашава Република и колкав е нивниот број објективно испитан.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Филипче, министер за здравство.

**ИЛИЈА ФИЛИПЧЕ:**

Јас би бил најзадоволен кога нема потреба да менувам од функција еден мој колега, меѓутоа познавајќи ги веќе 25 години состојбите во здравството, дефинитивно треба да одлучиме дали тие состојби ќе ги подобруваме или не. прашањето е зошто се сменети одделни директори. Може за секој поединечно да се каже, но јас само во начело би кажал.

Пред се, не сум задоволен од работната дисциплина во дотичните работни организации. Јас не можам да допуштам во една работна организација, во еден Медицински центар, во еден Здравствен дом да не се одржуваат стручни колегиуми, да не се врши стручна контрола на работата, нема извештај за тоа колку лица се прегледани, колку операции се направени, колку се потрошени материјални средства. Јас не можам да дозволам пациентите со саати да чекаат во амбулантите, здравствениот персонал да доаѓа во 8 или 9 часот на работа , а да си оди во 13 часот, да се презакажуваат прегледите, да се дуплираат, триплираат лабораториските наоди, зашто сето тоа го поскапува здравството. Исто така, јас не можам да дозволам да еден директор каде што нема хируршко одделение да набавува хируршки материјал за илјадници германски марки. јас не можам да дозволам во еден Медицински центар за 4-5 години да го снабдел здравствениот центар со конзервирана храна и на тој начин ги блокирал средствата. Јас не можам да дозволам еден директор да ја разлупа државната кола, одејќи приватно на пат. Јас не можам да дозволам наменско уплатени средства за вработените за хранарина и превоз една-две години да не им се

исплатуваат, а средствата се дадени, и јас прашувам каде се дадени. Јас не можам да дозволам во еден здравствен дом, во еден медицински центар средства исплатени, а средства не издвоени, неисплатени придонеси за здравство, за пензија, а ние бараме од другите организации тие да бидат дисциплинирани да уплатуваат во фондот, а ние самите да не ги упатуваме, иако парите се дадени.

Јас не можам да дозволам да се купува потрошен медицински материјал што не е потребен, што стои во магацинот и кој што за 100% е поскап од онаа цена што е на Кванташкиот пазар.

И исто така јас не би сакал да дозволам меѓу вработените да има лоши меѓучовечки односи и јас да добивам писма за негативности што ги прават раководните структури.

Исто така, јас не можам да дозволам, пред малку реков, нашите граѓани да не можат да добијат лекови, а пари за лекови се уплатени. Не можам да дозволам во еден медицински центар да има 80 нововработени за една година, ние тоа не можеме да го издржиме, јас не дозволувам преку своите деца, преку своите приватни фирми да се набавува стока за Медицинскиот центар.

Јас сум одговорен за целокупното здравство и сите тие негативни појави сакав да ги жигосам и затоа од Вас барам поддршка. Јас оние лица што ги назначив, во нив имам доверба и сега ние еден нов стил на работа ќе воспоставиме во Министерството, секој месец директорите доаѓаат на разговор, заеднички ги разгледуваме проблемите што се воопштуваат и заеднички ги решаваме. Мислам дека тоа е еден од патиштата со кои можеме да ги разрешиме наталожените проблеми во здравството.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор пратеникот Иван Павлов.

**ИВАН ПАВЛОВ:**

Почитувани колеги, имам две кратки прашања?

Првото е до Министерството за култура и тоа гласи:

- Што ќе преземе Министерството за култура за да прекине пропаѓањето на Домот на културата во Струмица, бидејќи , иако е скоро граден и при најмал дожд, прокиснува и луѓето кои работат таму немаат услови за работа. Сите знаеме како се финансира културата и бара Министерството да даде писмен одговор.

Второто прашање е до Министерството за образование и физичка култура и барам писмено да се одговори и тоа:

- Кога ќе заврши започнатата градба на школото во селото Дрвош - Струмичко,бидејќи по мое видување ова школо можеби има нај- лоши услови и најлошо школо во Македонија.

Има збор г-дин Чапов.

**СЛАВЧО ЧАПОВ:**

Господин потпретседателе, господа пратеници, имам две прашања и првото се однесува до Владата:

- Дали Владата има увид во продажбата односно киријата на објектите кои ги дава под закуп односно на лицитација во општините во каква состојба се и дали киријата на сите објекти и лицитацијата по метар квадратен е иста. Конкретно се однесува за општина Радовиш каде има занаетчиски дуќани во лоша состојба, а кириите се толку големи и лицитацијата на која се даваат е толку голема, што не е прифатлива барам писмен одговор.

Второто прашање се однесува до Министерството за сообраќај и врски односно СИЗ-от за патишта, се однесува за патот Штип- Струмица кој се прави повеќе време, едносменско со слаб машински парк, така да преставува голем проблем за превоз на тешките и лесните возила. Прашувам:

- Со каков интензитет е предвидена изградбата на патот, до кога е предвидена изградбата и дали не може да се гради етапно, за да може да се растовари сообраќајот на минимум.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Писмен одговор, а еве може и усмен.

Има збор министерот за сообраќај.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Собранието ја донесе Програмата за активнсоти на СИЗ- от за патишта. Во таа програма вредносно е определена позицијата наменета за изградба на патниот правец Штип - Струмица. Според она што во таа прилика расправавме поставена е работна задача пред изведувачите, прво пред инвеститорот, а после и пред изведувачите, во текот на оваа година заедно со она што е претходно направено да се завршат 19 км. патна мрежа. Во рамките на таа активност е и постојната организација. Ова е работна обврска на инвеститорот. Инвеститор е СИЗ-от за патишта кој што треба работната обврска прецизно да ја постави пред изведувачите. Значи во нашите програмски активности на ниво на Влада планирано е кумулативно да се изгради тој патен правец со 19 км.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дино6 Трпеновски

VIII/5.-

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

Првото прашање е до Министерството за урбанизам.

Во една населба покрај Охридското Езеро на северната страна на "Макпетрол"-хотелот, постои еден простор во кој што се изградени некои згради и така се оставени на половина пат. ме интересира тој простор е урбанизиран, кои се инвеститорите на овие зошто истите објекти се оставени така да делуваат грдо на тој простор.

Второто прашање е до Министерството за сообраќај и врски:

- До каде е со реализацијата на проектот аз телефонијата во општината Струга - Долни Дримкол.

До Министерството за финансии:

- Колкав е бројот на стопанските субјекти со котирани жиро сметки за првите три месеци или шест месеци на 1995 година и колкав е бројот на вработените во нив. Од информациите со кои располагам до април месец оваа година има 2.148 стопански субјекти со блокирани жиро сметки и 80.306 вработени во овие субјекти.

Второ прашање - колкав е бројот на стопанските субјекти за кои се поднесени стечајни пријави односно се поведени стечајни постапки. Имам информација дека бројот е 1.146 до април 1995 година. Значи, за првите три месеци, а треба да знаеме и за шесте месеци. А бројот на работниците во тие стопански субјекти за кои се поднесени стечајни пријави е 25.152 за првите три месеци од оваа година.

Трето, колкав е бројот на правните субјекти кои до месец април, значи за првите три месеци, а е потребно да знаеме и за шесте месеци од оваа година кои не примиле плата повеќе од три месеца. Имам информација дека 10.239 стопански субјекти,правни субјекти не примиле

личен доход повеќе од три месеци во оваа година, а бројот на вработените во нив изнесува 130.000 до месец април, или 30% од вкупно вработените во Републикава не примиле личен доход повеќе од три месеци.

Четврто, колкава е вкупната исплатена маса на нето плати до април. Имам информација дека е таа помала за 8,1% од законски дозволеното ниво. Дали е тоа точно.

Овие прашања ги поставувам од аспект што може комотно да се согледа дека е стеснета финансиската база од која што произлегуваат придонесите во обласа на здравството и образование, а се е тоа резултат на економските перфонанси предвидени со макроекономската политика што ги презема Републиакта со законот, реприватизација. Бидејќи тоа се резултатите што произлегуваат од преземањето на државата во периодот на транзиција, а во услови на рецесија, дали Владата има намера да го обесштети здравството зашто е нарушена рамката на солидарност на задолжителното здравствено осигурување, односно целокупниот товар останува само на оној број што прима личен доход и плаќаат придонеси.

Пак едно прашање до Владата, а се однесува за Агенцијата за продажба на деловниот простор - колку средства се собрани од продажба на деловниот простор и каде се тие насочени.

До Министерството за финансии:

- Инвестиционите вложувања во основни средства во Републикава до април се зголемени за , 2,8 пати. Дали е тоа резултат на поголемиот кредит за инвестиции на основни средства во сообраќај и врски или е резултат на заживување на производството во стопанските субјекти?

Уште едно прашање до Владата:

- Дали во проценката на капиталот при операционализација на Законот аз трансформација на општествениот капитал се проценуваат и интелектуалните вредности односно дали за тоа се едуцирани проценители од компетентниот Завод за регистрација на интелектуалните вредности, бидејќи овие вредности се многу високи и имаат свое значење и своја форма за стопанството во Република Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Се разбира бидејќи се голем број прашања тие се упатени до Владата и ќе се одговори писмено.

Има збор г-динот Зекир Кадриу.

**ЗЕКИР КАДРИУ:**

Дами и господа пратеници, јас едно кратко прашање пред да го поставам, би сакал да дадам кратко образложение во врска со ова Имаме сознанија дека во две средни училишта во Тетово, гимназијата "Кирил пејчиновиќ" и средно медицинското училиште "Никола Штејн", еден голем број на ученици кои го имаат полагано испитот, не се опфатени не се примени.

Прашањето е до Министерството за образование, бидејќи еден број на ученици се упатени во три паралелки, дали ова Министерство води сметка за останатите ученици што се во еден голем број. Тие се 183 албанци, 78 македонци и 14 турци. Барам писмен одговор.

**ТИТО ЕПТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Ване Наумовски.

VIII/8.-

**ВАНЕ НАУМОВСКИ:**

Има четири прашања кои што се во интерес и на Републиката и на општината Кичево од каде што доаѓам. Поврзани се и со Министерството за развој и со Министерството' за сообраќај и тоа:

Прво, кога Кичево ќе биде поврзано на запад спрема Дебар со асфалтен пат, зашто знаеме дека 44км не дели од Дебар. Еден кичевчанец за да појде до Дебар сега се потребни 100 км., било преку Маврово било преку Струга и Охрид.

Второто прашање е поврзано со железницата. Во Кичево завршува железницата, а по проектите знаеме дека Кичево треба да се поврзе со Албанија.

Трето прашање, е поврзано нешто со гасоводот и е во врска со Министерството за стопанство. Според првите проекти што ги има Републиката мене колку ми е познато дека Кичево не е врзано со гасификација, било на југ каде што слегува или овој дел што иде спрема Прилеп. Ме интересира дали долгорочно може да се надеваме на такво вклучување.

И четвртото прашање е во врска со Законот за загубарите, кој што овој Парламент го донесе, некаде пред 6-7 месеци. Поставувам прашање до министерот за стопанство, кога ќе добиеме една писмена информација за овие активности односно до каде е спроведувањето на овој закон.

Одговорот може да биде и усно и писмено.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор пратеникот Слободан Даневски:

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Почитувани господа пратеници, моето прашање се однесува во врска со донесувањето на Законот за локалната самоуправа. Имено, што станува, а прашањето е упатено до Владата, а не знам кој министер го покрива. Се работи за имотот на општините , кој јавното претпријатие го распродава. Ќе дојдеме во ситуација да се враќа имотот по пат на судска процедура бидејќи не е направен деловен простор. Не знам кој покрива дел од ова прашање од ресорните министри - имотот на општините а тоа се станови и деловен простор.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Барате писмен одговор (да)

Има збор г-динот Лазаров.

**ЈОВАН ЛАЗАРОВ:**

Пред повеќе седници поставив повеќе прашања за кои до денеска не добив ни на едно одговор. Се надевам дека до наредната седница ќе ги добијам тие одговори.

Имам едно прашање до министерот за образование , кој не е тука но ќе добијам писмен договор.

Прашањето гласи:

- Дали е точно дека за техничкиот персонал што работи во основните и средните училишта во Македонија и примаат плата под минималниот личен загарантиран личен доход со Законот не се уплатува пензиско и инвалидско осигурување. Дали е точно и ако е точно, зошто е тоа така.

IX/1.- НН/ЉР

**ДИМИТРИЕ ПОПОВСКИ:**

Почитувани пратеници, почитуван претседавач, Излегов да поставам едно прашање упатено до премиерот на Македонската Влада, кој во моментот не е тука, а се однесува на следното: до кога Македонската Влада ќе ги толерира истапите на коалиционите партнери кои што паетиципираат во македонската власт, а тие истите Македонија ја нарекуваат со погрдното име Фиро, а македонците ги нарекуваат Славомакедонци. Дозволувам писмен одговор на ова прашање.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Г-да пратеници, Гимназијата Зеф Љуш Марку во Скопје 100 години се сретнува со просторниот проблем односно од сите средни училишта единствена остана без училишна зграда. Информира сме од средствата за јавно информирање дека таму наставата почнува со извесни проблеми т.е. со задоцнување односно непочна првиот ден кога почнаа сите други училишта. Јас не би сакал да елаборирам, меѓутоа имам едно конкретно прашање. Како Владата на РМ ќе го реши просторниот проблем за Гимназијата Зеф Љуш Марку.

Ве молам со писмен одговор бидејќи министерката не е тука да ми се одговори.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, почитувани членови на Владата, дефинитивно денес сфатив дека институцијата пратеничко прашање е до таа мера, толку девалвирано што за мене повеќе нема никаква причина да поставуваме прашања. Нашите прашања дефинитивно по мене се сведуваат на обраќање до нашите избирачи да го оправдаме нивното

барање на оваа говорница. Јао сосема поинаку го сфаќав тој дијалог со Владата ...

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас ве молам и се извинувам што ве прекинувам.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

... треба да стане интерактивен и Владата да комуницира со нас. Јас се обраќам и ги прашувам пратениците, а не Владата, до кога вака ќе комуницираме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Тоа не е пратеничко прашање,

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Почитувано претседателство, почитувани дами и господо, До ресорното Министерство за сообраќај и врски поставува едно прашање.

Локалниот пат Градец - Гостивар уназад едно 10 години воопшто не е поправен. Дали Ресорното министерство има намера тој пат да го доправи.

Барам писмен одговор.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Можете и усмено.

Има збор министерот Бузлевски

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Локалниот пат Градец - Гостивар е од надлежност на локална самоуправа и ова прашање ќе го поставите пред одговорните во Гостивар

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Може ли да констатирам дека повеќе нема пратенички прашања? (може).

IX/3.-

Преминуваме на **<u>точката 2</u>** - <u>Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за акцизи, со Предлог на закон.</u>

Предлогот за донесување на законот, со предлог на закон и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (

Има збор г-дин Бузлевски, министер во Владата на РМ.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, г-да пратеници,

Владата на РМ изготви предлог за дополнување на законот за акцизи и Предлог за изменување и дополнување на Законот за данок на промет на производи и услуги во кои се нудат решенија за надминување на присутните неповолни состојби.

Основна определба е при концепцискиот приод за изготвување на овие измени во вид на дополнувања да не се зголемуваат акцизиските и даночните стапки , туку само со измена на техниката на наплата на данокот да се сведат на најмала можна мера сите можности за неплаќање или намалено плаќање на данокот на промет на производи и услуги и на акцизите. Тоа значи дека на постоечкиот систем кој што го регулира и начинот на наплата на акцизите и начинот на наплата на данокот на промет само му се зголемува техничката моќ на прибирање на приходите. Со овие предложени измени се понудени решенија за пополнување на во праксата појавени евaнзиони дупки низ кои некој друг место државата остваруваше приход. И токму основна цел на овие измени во определување на концептот е да се сведат во најмала можна мера сите досегашни присутни можни начини на дезавоирање на

обврската за наплата на овие два вида давачки, а со тоа да се направи еден сериозен обид да се стеснат сите канал и да се зададе еден решавачки удар на присутната сива економија. Тоа беше основното појдовно мото со кое што се раководевме при изработката на концептот за измена на овие два закона.

Секако дека овие два закони во себе содржеа досега важечки решенија кои не ја издржаа практичната проверка и кои што нужно треба, и тоа се прави со овие два предлози да се заменат со нови решенија.

Притоа, вредно е да напоменам дека и со овие измени продолжува остварувањето на концепцискиот приод на постепено вградување на решенијата кои се карактеристични на данокот на дода на вредност или популарно наречен вад со цел да се создадат услови за полесен премин кон негово кратно применување. Ако тоа и осовременување на даночната методологија и изедначување на таа пракса во нашата држава како што е праксата во развиените земји.

Во Законот за измени и дополнувања на Законот за акцизи решенијата се предлагаат во следното:

Прво, се предлага при увозот на деривати на нафтата, алкохолни пијалаци, пиво,кафе и луксузни производи, а кои се наменети за натамошна продажба акцизијата да се плати во моментот на настанување на обврската за плаќање на царината и другите увозни давачки . Тоа значи дека акцизијата при увозот ќе ја наплака царинарницата со што се постигнува посигурна наплата и тој метод е во функција на напред кажаното.

Втора новина што се предлага е воведување контролни маркици, така наречени бандероли на тутунските преработки што се ставаат во промет на територија на Република Македонија. Производителите и

IX/5.-

увозниците на тутунските преработки контролните маркици ќе ги купуваат од надлежниот орган во рамките на Министерството за финансии и се должни маркиците да ги залепат на кутии за продажба на мало по целофанската, или друга хартија со која се обложени кутиите, така што при отворање на кутијата да мора да се означи контролната маркица. Ова е преземен метод кој што се покажа доста ефикасен во последно време во земјите на транзиција а кој што се одамна применува во развиените земји. Со оваа мерка се настојува да се зададе силен удар на несаканата појава продажба на цигари на пазарите и други отворени простори по знатно пониски цени што упатува на укажување дека при такви продажби не се измирени обврските кон државата.

Со купување на контролните маркици се плаќа акцизијата и на тој начин се смета дека ќе се намалат можностите за избегнување на плакање на оваа обврска. Државата на посигурен начин ќе дојде до свој приходи од прометот на цигари што ќе има пошироки позитивни ефекти врз функциите кои што треба да ги остварува Буџетот на нашата држава,што исто така и на сите учесници во сивата економија им стави до знание и тоа ќе го реализира да нема веќе да се пропушти секоја прилика за санкционирање на спротивните од овие закони дејанија.

Трето, се предлага во прометот на големо акцизијата содржана во ненаплатените фактури да се плати најдоцна во рок од 5 дена по истекот на 45 дена по завршување на месецот во кој е извршен прометот, фактурирањето , односно испораката на стоката. Ова од причини што често во практиката се случува одредени побарувања да се прикажат како ненаплатени и тоа во многу долг временски  период со цел да се избегне обврската за плаќање на акцизиите.

IX/6.-

Четврто, се прелага воведување на регистер на обврзници што стават во промет деривати на нафта со цел да се олесни дејствувањето на даночната администрација.

Петто, поклучно од овој закон е тоа што се предлага намалување на стапката на акцизи на прометот на златните предмети од 70% на 15% со цел со намалувањето на стапката да се стимулира продажбата на злато на легален начин, а да се елиминира секоја можност за повод затоа се прави на нелегален начин.

Во Законот за измени и дополнувања на Законот за данок на промет се предлагаат следните новини.

Најнапред потребно е да се истакне дека и за производите од домашно производство се воведува обврска за плаќање на данок во сите фази на прометот од чинот на продажбата од страна на производителот до конечното продавање на крајните потрошувачи. Оваа мерка не се предлага само за да се вгради едно критично решение на системот, туку на даночната администрација да и се олесни во попречувањето на прометот, а со тоа и на данокот.

Второ, се предлага воведување на обврска при увозот на производи наменети за натамошна продажба да се плати данокот во моментот на плаќањето на царината и другите увозни давачки. Со ова решение се стеснува можноста за избегнување на плаќање данок а тоа така применливо ќе ги стесни сите канали на досега присутната појава и состојба на сива економија.

Трето, една од позначајните измени е воведување обврска данокот содржан во ненаплатените фактури да се плакати во рок од 5 дена по истекот на 45-иот ден по завршување на месецот во кој е извршен прометот, факутирањето, односно испораката на производи.

Оваа мерка е предложена со цел да се елиминираат можностите на искажување на ненаплатени побарувања, иако не се фактични да се избегне плаќањето на данокот што во праксата и кај овој данок и кај овој закон, како и кај претходниот се применуваат.

Во Предлогот на законот има и доста други измени, но тие се со дел да се изврши усогласување со важечките закони од областа на даноците, како и со Законот за прекршоци..

Г-да пратеници, како што можете сами да се уверите со овие предлози на закони не се прелага воопшто зголемување на даночното зголемување туку се прелагаат решенија со кои државата ги прави нужните интервенции во оваа легислатива со што практично зачекорува во реализација на одделни сегменти од програмата за превенција во делот на нарушената финансиска дисциплина и нелојалниот однос како меѓу учесниците во производството и прометот така и кон државата. Оттаму и од овие причини Владата на РМ бара од вас г-да пратеници на денешната седница да ги донесете овие два закони.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Бранко Арсовски.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Бидејќи уводничарот ги спомна двата закона, јас не сум стручњак за овие закони морам да признам, меѓутоа од практичен аспект сакам да го дадам моето размислување во однос на овие предлог измени и дополнувања на предложените закони.

Бидејќи се наоѓам петта година во овој Парламент и често сме склони да вршиме интервенции на низа закони кои беа понудени и усвоени од овој Парламент, и тука немам посебна забелешка заради тоа што доусовршување е на одредени норми во самите закони треба да се

приситни и добро е тоа што Владата го чини. Мислам дека тука немам никаква забелешка, меѓутоа се сомневам во реализацијата на овие закони. Јас лично сметам дека во оваа наша средина гледано од аспект и по вертикала и по хоризонтала, без разлика Владата какви се мерки презема во однос на надминување и еве зборуваме за некаква превенција тин, и тина. во сите сфери на општествениот живот, мислам дека субјективниот фактор околу реализација на самиот закон како да се потценува дека е спремна да може да ги оствари овие закони. Мене ми е криво и да ви кажам непоштено е да правиме интервенции во четвртиот квартал во текот на годината, кога се испразни самиот Буџет, можеби колку е континуирано пратено во врска на убирање на сите даноци кои веќе ги предвидовме меѓутоа лично сметам дека самиот тој однос се одрази на вкупната состојба и во општествените дејности и во реализација на социјалната програма и други работи.

**БРАНКО АРСОВСКИ**: (продолжение)

Инаку немам никакви забелешки на содржината на самиот закон. Мислам дека добро се прави таа техника да се доусоврши таа дупка што кажа министерот која ја користат некои правни субјекти, меѓутоа, лично сметам дека државните органи, еве царината се зборува сега секој гласно размислува и вика многу цистерни поминаа сега низ границата но не се наплаќа царина. Не сакам да го потенцирам дека тоа е тоа. Јас не сум некој од секретаријатот за внатрешни работи или некој одговорен, па сега да ги следам тие работи, меѓутоа граѓаните имаат големи интервенции во тој дел. Но самата атмосфера и ситуација во Републиката покажува дека некој наш граѓанин, јас му честитам ако е тоа чесно, меѓутоа замисли милион марки да нуди за еден деловен простор во рамките на некој си 6 или 10 месеци постоење на одредена состојба. Јас верувам во нешто друго. Како ние да се спротивставиме на сите државни органи кои ја контролираат оваа состојба и дали тие се спремни до крај да речеме кога ќе дојде на царина, дали тоа се работи за надвор дали се работи за цигари или било кој друг производ можеме до крај да го сосечеме коренот и да кажеме државата од нелегално внесување на производи и избегнување на обврските према државата, тоа за мене е многу битен фактор, инаку на оваа содржина тука, немам никакви забелешки. Лично сметам дека во Република Македонија во државата постои неверојатно организиран систем во тој дел, можеби е добро Владата веќе во тие четири мерки од превентивен карактер да ги преземе за да може нешто да пресече. Дај боже и овие закони сега како се поставени со овие измени да ја промениме таа состојба на сите наши гранични премини и да дојдеме во ситуација нашиот граѓанин да размислува да не се збогатува преку- шверц, туку да се збогатува преку користење на интелектуалната способност во однос на самото производство, па и нека бидат во трговинските односи. Верувајте запад

не познава такви богаташи кај нас сега што се збогатија во рок од една година. Тие велат дека човек да се збогати му треба долго време. А изгледа нам ни требна што пократко време многу побрзо ќе се збогатиме. Зошто заради тоа што не ги почитуваме законските прописи. Така да во целина го поддржувам овој закон, ги поддржувам намерите на Владата, меѓутоа, апелирам кон она другото да се спречи шверцот со нафтата, со цигарите и со другите производи кои тврдам ги има на секој граничен премин.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Јас во моето излагање наспроти претходниот говорник имам вака крупни забелешки, особено на содржината на самиот закон, а ќе се осврнам и на некои дадени размислувања од страна на предлагачот на овој закон, од причини што навистина мислам овие измени се многу крупни, дека ќе остават многу тешки последици во стопанството, и многу убаво ги познавам овие прилики што се однесуваат до финансиите и сметководството. Дискусијата да биде стручна еве јас накратко ќе ги изнесам моите размислувања по однос на текстот кој да кажам накратко од причини што секој пат во овој Парламент нема атмосфера т.е. нема работна атмосфера да се слушаме до крај.

Предложените измени на законот за данок на промет на производи и услуги се по содржина многу битни и ќе има значителни реперкусии во деловното работење на правните лица. Со предложените измени дефинитивно се напушта принципот на оданочување на крајната потрошувачка односно се воведува системот на оданочување на прометот во сите фази на прометот. Воведувањето на овој начин на пресметување и плаќање на данок на промет, заедно со увозните давачки, како и плаќањето на данокот на промет на големо, мимо наплатата на побарувањата, претставува крупна измена во однос на

досегашните, значат воведување на Институтот авансирање со бескаматни средства на државата на сметка на стопанството. Во јавноста и во разните коментари се барата со поимот кредитираше на државата од страна на економијата. Јас лично мислам дека тој поим не е точен од проста причина што кредитот се карактеризира со неговата цена, а цената на тој кредит е каматата. Значи ако постои одреден финансиски пласман кој нема камата, тој не може да биде кредит. Во овој случај не се работи за кредитирање, туку се работи за авансирање, односно за бескаматно авансирање од страна на економијата во полза на државата. Во таа функција е и предложеното решение на извезената роба да се плати данок на промет кој данок на промет се овозможува да се поврати откако ќе се реализира извозот со докоментирање на истиот со документи кои беа и во досегашната практика. Што тоа практично значи? Практично значи уште едно врзување во просек за некаде над 30 дена на слободните обртни средства кои ги поседуваат правните лица во стопанството. Зошто е тоа така, на сите оние кои што работеле во стопанството, или работат знаат , поради административните односи од бирократскиот начин на работење, прво мора да уплатиш, па да поднесеш барање, па да се разгледа, па да се види дали постојат средства во Буџет па тек допрва да се вратат. Значи во суштина со овој концепт јас сум длабоко убеден дека во стопанството ќе се влошува понатаму ликвидноста која во најголема мера е причинител за сит е проблеми кои ги имаме во нашето стопанство. Зошто? од причини што имаме хроничен недостаток на обртни средства и ток- му овие мерки во оваа смисла ќе делуваат значително потешко, отколку што беше со досегашната фискална политика. Овде сигурно ќе се постави прашањето, ако некој не ти плаќа , односно не можеш да го наплатиш побарувањето, се поставува прашање,зошто работите со деловни

партнери кои се инсолвентни, односно затежно неспособни. Па сите Вие знаете дека во стопанството постои еден голем проблем со инсолвентноста. Сега се поставува прашањето дали да се прекинат деловни врски, кои деловни врски се воспоставени во голем временски период и да се барат нови партнери во една ситуација кога имаме ние конкуренција од различен тип, т.е. кога имаме лојална, нелојална и т.н. Значи правните лица се приморани по цена, да кажеме, на ризик,по цена на чекање да ги продаваат, односно да ги пласираат своите производи, а во овој случај се наметнува проблемот ако некоја зделка се остварува но не се наплатува, тогаш ти си должен на државата да му платиш дел, а тој дел тек накнадно ќе го надоместиш, откако инкасираш своето побарување. Јас ќе спомнам во оваа прилика дека во просек побарувањата на правните лица во Република Македонија се инкасирани во просек од една година до една ипол година. Сега замислете да некому пласирате бескаматни средства во тој временски период, што сето тоа значи за стопанството.

Понатаму,во образложението на текстот се напоменува дека со овие измени кои ги истакна излагачот ќе се стесни просторот на сивата економија. Дали тоа е навистина така?. Еве јас ќе изнесам едно алтернативно размислување од мојата пракса во овие работи, дали овој проблем е така како што го презентираше да кажеме излагачот, односно изготвувачот на материјалот. Со овие измени се обврзуваат правните лица заедно со царинските давачки да го плаќаат и данокот на промет и се поставува прашањето дали на увезената роб. која легално се евидентира преку царинските органи и за која се изготвува адекватна документација, истата претставува извор на сив. економија. Јас лично сум убеден дека тоа не е така. Зошто тоа не е така?. Тоа не е така еве од неколку аргументи што ќе ги изнесам.

Прво, таа роба која ое документира валидно за неа постои царинска декларација, за неа се плаќаат царинските давачки преку жиро сметка, за таа роба се плаќа обврската во странство преку девизна жиро сметка, заедно со увозната фактура. Ве молам, сите тие документи се доволни на одредена инспекција со елементарно познавање на финансиските прописи да ја открие евентуалната злоупотреба. Значи во оваа смисла ние само имаме со цел да наплатиме плус 25% данок на промет тарифа еден, или да ги наплатиме акцизите со наплатата на царината. Овде не гледам дека се воведува некој нов механизми кој преку документација ќе ги отстрани овие работи кои се карактеристични за сивата економија.

Понатаму, мое размислување е дека изворите на сивата економија, особено се репродуцираат преку робата која влегува и излегува во Република Македонија ,а не се евидентираат од царинските органи. Значи не се документираат, особено на релација со Србија и Црна Гора нимо ембаргото кое постои.

Друго, особено извор на сивата економија претставува реекспортот на робата, понатаму преку експорт-импорт зделките во многу поголем квантитет отколку што се евидентираат во вистинската документација. Ако е тоа така , а тоа е така се поставува прашање, кој врши надзор на овие зделки во тоа што јас погоре го спомнав. Овој надзор Ве молам го врши Министерството кое го предлага овој закон, тој што ги предлага овие измени. Значи проблемот каде е? Проблемот е во државната администрација, односно во не адекватното организирање на ова министерство за да ги спречи овие појави, кој појави, јас сум лично убеден, дека носители се дел од администрацијата кој; работи во ова министерство. Во таа смисла јас би препорачал во ова министерство да

се размислува многу подобро , се преземат по адекватни чекори , во смисла на елиминираше на корупцијата , митото, реорганизација и во смисла на многу други механизми кои постојат во напредниот свет да се елиминираат овие појави, кои пред се, се од субјективен карактер.

Понатаму, кога сме кај сивата економија јас имам одредени размислувања дека во економијата, сивата економија особено се стимулира од производството кое фиктивно се евидентира како крш , лом, и преку надуени нормативи на потрошокот на материјалите во производните претпријатија, а особено кај големите градежни претпријатија кои набавуваат данок на промет , односно набавуваат материјали без данок на промет на име репродукција и преку перење на големи коли- чини на материјалите ја перат и обврската за плаќање на данок на промет. Значи тука е еден извор, кој извор би го насочил во ова министерство, во идните размислувања да преземат нешто во смсила на спречување колку е тоа можно. Понатаму, јас ќе ја оспорам и констатацијата која ја изнесе излагачот дека со овие измени не се врши зголемување на даночните стапки .Дали е тоа навистина така? Јас ќе изнесам дека таа констатација не е точна од следните аргументи. Ова констатација Ве молам привремено или делумно само при продажба на мало од страна на производителот и увозникот, додека во натамошниот циклус на продажбата, особено при продажба на големо, од досегашното оданочување на маржата, односно на дополнителната вредност од 10% данок на услуги, сега се воведува данок на производи тарифа еден, 25%, односно тарифа два 5% на истата вредност, што значи преку новата техника имаме замена на данокот на услуги со данокот на промет, што автоматски значи и зголемување на даночната обврска. Тоа е така секој

може да го провери со една проста математика. Понатаму, не се образложува зошто со овие измени од интелектуалните услуги само на адвокатските услуги се привилегирани, односно ослободени од плаќање данок на услуги. И во оваа смисла . Јас во една дискусија која ја имав пред скоро осум месеци , кога се анализираше буџетот спомнав дека големите гафови што ги има направено ова министерство особено се однесуваат на толкувањето на ова министерство по однос на плаќање на данок на услуги. Сега ова министерство преку измените на овој закон самото ја признава таа грешка и еве нуди една солуција со која солуција ќе се легализира неплаќањето на данок на промет ОЈ страна на адвокатите.

Јас во оваа смисла имам еден амандман и во исто рамниште да ги ставиме и сметководствените услуги, имајќи ја предвид одговорноста кое постои, имајќи превид дека со новиот закон за сметководство исто ќе се полага стручен испит за овластен сметководител од страна на предлагачот на овој материјал, очекувам дека ќе најде разбирање под ист третман да бидат и овие услуги.

Кога сме кај членот 18 од Законот, јас мислам дека ова министерство има обврска да го дефинира точно, особено овој воопштен поим дека на освен оние услуги кои се такстативно назначени дека ќе се плати данок на услуги и на сите други услуги. Ова е многу битно од причини што во овој случај да кажеме ќе треба да се расчисти точно од аспект на номенклатурата на дејноста кои се тие услуги, да не доаѓаме во ситуација во практиката инспекциските служби да го толкуваат како тие го толкуваат. А сето тоа од друга страна има реперкусии од аспект на казнена политика и многу други работи.

Понатаму, да не должам , јас на крајот ќе препорачам особено при нова измена на овој закон, а која сигурно ќе проследи а јас сум на

размислување ова министерство да изготви нов закон да се има предвид особено да се дефинира поимот производно претпријатие и што се подразбира од аспект ан градежна дејност, од аспект на монтажата, ремонтот, сервисирањето, со точна дефиниција дали на градежниот производ што е станбена куќа, деловен простор или понатаму како градежен производ се плаќа данок на промет или не се плаќа. Бидејќи со една алтернатива ако сите производи, да кажеме дејности купуваат репроматеријали без данок на промет тие го плаќаат данокот на промет кога од тој материјал ќе создадат производи. Во овој случај во градежништвото истото не важи, па би препорачал во таа смисла да се размислува и тука постои една обемна сфера државата да ја полни својата каса. Мислам дека скоро доаѓаме до една ситуација да постои потреба да се изврши намалување на данокот на промет, особено од тарифа еден од 25% на 15 или 20%, со паралелно зголемување на данокот на промет од тарифа два. Значи од 5% во 8 или 10%, аналогно на девизата помали даноци поголем обрт, пополна каса на државата. Мислам дека ова размислување држи и би требало ова министерство да го има предвид во идните размислувања при промена на вакви прописи.

И на крајот да не должам, бидејќи и така должев јас во суштина ги спорам овие предложени измени, имајќи ја предвид крајно тешката состојба во економијата, која дополнително ќе се влоши од аспект на ликвидноста.

**РУФИ ОСМАНИ:** (Продолжение)

Бидејќи недостигот на обртните средства е еден од најголемите проблеми на процесот на репродукцијата. тука јас верувам дека ние ќе се согласиме и со предлагачот и со сите кои ги познаваат приликите во стопанството.

Ваквите измени, односно воведувањето на системот ВАТ, според мое размислување треба да почека еден зголемен инвестиционен циклус и завршување на процесот на приватизацијата, бидејќи во оваа фаза, да кажеме во оваа фаза во која е нашето стопанство, се плашам дека не постои критична маса за воведување на овие промени кои ќе имаат, сигурен сум тешки последици за стопанството.

На крајот, јас се сомневам дека со овие промени ние ќе бидеме должни состојбите во државата да почнеме да ги лечиме преку социјалниот елемент кој ќе мора значително да го зголемиме и да го инкасираме во Буџетот. Значи, од една страна ќе земаме, од друга страна ќе бидеме должни, пак на тоа стопанство да му дадеме различни инекции.

Би завршил со препораката, нешто од она што го имам предложено како амандмани, особено од аспект на сметководствените услуги, од аспект на пролонгирање на рокот за инкасирање на данокот на промет на продажбата на големо, која се совпаѓа, да кажеме и со сугестиите на Стопанската комора, која се совпаѓа и со заклучоците на Комисијата за финансирање и буџет, да бидат земени предвид од страна на предлагачот и да бидат инкорпорирани во овие измени на данокот од причини што во суштина не го менуваат концептот на предложените измени од страна на предлагачот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам да се задржиме само на Законот за акцизи.

Има збор г-динот Мешков.

**ЉУПЧО МЕШКОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, целта на изметни што се предлагаат во даночниот систем секако се прво од аспект на фактот дека е присутна желбата за да се соберат повеќе пари по овој основ и второ да се надминат некои неповолни состојби кои што беа присутни со примената на постојниот закон.

Мое мислење е дека секое порестриктивно решение во даночниот систем, а во случајов не се согласувам со мислењата дека се работи чисто за технички прашања, доведува до помали ефекти и мислам дека во случајот и ваквиот начин предложен на данокот односно на акцизите наплата, ќе доведе до помали ефекти.

Во овој дел исто така би требало да се послужиме и со она што како искуство односно како предлог е во Законот за акцизите, намалувањето на акцизите за злато, значи одиме од една идеја, со намалувањето на акцизата да дојде до едно поголемо собирање на пари односно поголемо плаќање. Затоа мое лично убедување беше дека со измените во овој даночен систем, во оваа фаза ќе се оди со намалување на даночните стапки, како што и многу одамна уште при изборот се залагавме дека во овој дел ќе се залагаме за помали даночни стапки, се со цел фактички преку намалувањето на даночните стапки да се зголеми ефектот од примената на новите законски решенија.

Иако со овие предложени измени е впечаток дека треба да се воспостави поголем ред во плаќањето на обврските во поглед на акзиците и данокот, сепак би се согласил со претходниот дискутант дека

не може да се избрише впечатокот дека ваквиот начин на плаќањето на днаокот значи еден вид кредитирање односно бескаматно кредитирање на државата, затоа што и стопанските субјекти кои се наоѓаат во тешка положба мораат сега да ангажираат и поголема маса на пари. Меѓутоа, она што е важно и што сакам да го истакнам е тоа дека при предлагањето на вака важни законски проекти е неопходно да имаме претходно согледување односно анализа за тоа каде се недостатоците на постојниот закон и врз база на така анализираните состојби да можеме да ги предлагаме и новите решенија. Ваква анализа или информација ние досега не сме гледале и во причините за донесувањето на законот исто така ништо поконктретно во тој однос не е речено, односно од тие податоци, од таквите анализи и информации да добиеме една слика, да видиме колку средства се одлеваат во тој систем во џебот на државата, кои се тие и на кој начин го избегнуваат данокот, дали работата на инспекциските органи итн. Значи, едно поаналитичко согледување на постојните состојби и врз база на согледани состојби предлагаме нови законски решенија.

Доколку пак целта на овој закон е и развојниот ефект, тогаш во таквата ситуација можеби требаше да видиме во која смисла и во што се состои тој развоен ефект. Исто така во донесувањето и предлагањето на овие решенија, во законите од даночниот систем, иако е тешко да се направи некој ефект сега во овој ефект, меѓутоа, барем би можело да се каже кој се ефектите што се очекуваат од новите предлози во даночниот систем и такви резултати од тоа ќе има по однос на собирањето на средствата на државата, односно во позитивните ефекти што треба да

се рефлектираат во Буџетот на државата. Јас лично не сум многу експерт во оваа материја, меѓутоа ваквиот начин сега, нов на плаќањето на акцизите и на данокот, не може а да не изигра влијание на цените, а со тоа е можно и да се поспеши инфлацијата.

**ДРАГАН МИТЕВСКИ:**

Почитувани потпретседателе, почитувани пратеници, јас во општата расправа сакам да побарам само едно појаснување во врска со член 6 од Законот за измени на акцизите, а особено на член 14-а кој што се додава, на ставот 2. Барам тоа појаснување денес да го дадат претставниците на Министерството за финансии, бидејќи според мое мислење, според овој член став 2 излегува дека правните субјекти или субјектите кои учествуваат во увозот на овие акцизни стоки не се ставаат во рамноправна положба при плаќањето на акцизите. Имено, ова прашање да биде јасно морам да го прочитам членот како гласи за да го поставам и го побарам објаснувањето.

Во член 14-а стои дека обврската за плаќање на акцизите и нејзиното плаќање како два моменти настануваат во моментот на настанувањето на обврската за плаќањето на царината и другите увозни давачки при увозот за натамошна продажба на деривати на нафта, преработка од тутун, алкохолни пијалаци пиво, кафе и луксузни производи.

Во ставот 2 на член 14-а пак вели "доколку увезените производи од став 1 на овој член се ослободени од плаќање на царина и други увозни давачки обврска за плаќање на акцизата настанала во моментот на преминувањето на царинската линија".

Во став 3 од член 14-а вели "акцизата се плаќа  аедно со царината и другите увозни давачки, а ја пресметува и наплатува царинарницата и ја уплатува наредниот ден од денот на уплатата".

За мене ставот 2 од членот 14-а е нејасен, бидејќи вели "доколку увезените производи од став 1 на овој член се ослободени од плаќање царина и други увозни давачки", обврската на плаќањето на акцизите настанува во моментот на преминувањето на акцизата. Меѓутоа, сега поставувам прашање и барам појаснување кога настанува обврската за плаќање на оние правни субјекти кои добиле потврда за ослободување од плаќање на царините. Дали тие истовремено при плаќањето на царината ќе ја плаќаат и акцизата или ќе се сведат на член 14-б како обврзниците на акциза кои вршат промет на големо, бидејќи тие и дефактко повеќето вршат промет на големо и ќе можат да избираат од двата начина од точка 1 и 2 за плаќањето на акцизите каде што се доведуваат во една положба акцизите да ги плаќаат по 45 дена па дури и 60. Затоа барам појаснување од претставниците од Министерството за финансии.

**ЗВОНКО КАРОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, со предлогот на законот за изменување и дополнување на законот за акцизи се нудат решенија се со цел да се постигне поефикасна наплата бидејќи со законот за акцизи се регулира и плаќањето на неколку групи на производи, би сакал да укажам, при наплатата на акцизите на оваа група производи кои претставуваат и основа за алиментирање на Буџетот дека има нееднаков и диференциран пристап на овие групи на производи. Тоа

се случајот и обврската за плаќаше на акцизата од една страна на наплата нафтените деривати и цигарите а од друга страна на ред други производи опфатени со Законот за акцзите како што се алкохолните пијалаци, пивото, кафето и луксузните производи каде што обврската за плаќање на другите, сите наредни учесници во прометот. Што значи обврската за плаќање припаѓа и на производителот, увозникот трговијата на големо, трговијата на мало, угостителските претпријатија, самостојниот угостител, самостојниот трговски дуќан и самостојниот производител. Тоа значи дека секој од носителите на обврската за плаќање на акцизата во пропишаниот процент а како даночна основица се намалува износот на пресметаната акциза. Овој диференциран и нееднаков третман на овие производи значи дека нарушува основното начело при плаќањето на акцизата, плаќање на акцизата во една фаза, фаза и плаќање кај производителот. Ова има неповолно влијание кај производителите и физичкиот обем на нивното производство бидејќи мошне значајно е овде од производителите на алкохолни пијалаци, кафе, пиво и луксузни производи. Тоа е таа група на производи кои нееднакво се третира овде и со предлогот за измена и дополнување на основниот закон за акцизи каде што на мошне лесен начин и во полн износ се собира акцизата од релативно помал број обврзници, тоа се производители.

Ако производителите на алкохолни пијалаци и пиво во 1994 година платиле по основ на плаќање на акцизата износ од 45 мил. ДМ дали и другите учесници во прометот за свие производ инаку обврзници за плаќање на акцизата во секоја наредна фаза, го плаќаат потребниот износ, бидејќи и бројот на обврзниците за плаќање на акцизата за оваа

група на производи е далеку поголем. Сметам дека контролата и ефикасноста е послаба и понеефикасна за овие производи. Веројатно во расправата и во доставувањето на амандманите ќе има посебен амандман за оваа група производи, а се со цел ефикасноста при плаќањето на акциза за овие производи биде поголема и поголеми средства се алиментираат во Буџетот.

**ДУШАН НИКОЛОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, ако се погледне целиот Законот за акцизи, преку решенијата што се понудени можеме слободно да кажеме дека концепциски ги задоволува или знатно се доближува до стандардите на Европа. Тоа е едната карактеристика низ решенијата што се провлекува во законот и од тука мислам дека не треба да се има резервно мислење.

Втора карактеристика е дека со овој закон се нудат извесни измени во делот на промената на условите на стопанисување но пред се во делот на прометот кај увоз на стоки.

Трето, не се работи за зголемување на ниедна стапка. Напротив, позицијата на висината на вредностите на акцизи кај овие производи останува на исто ниво како што беше и во претходниот закон, додека се предвидува извесно растоварува имајќи предвид дека и два амандмана се во процедура. Тоа би било додатно растоварување како карактеристика на овој закон за акцизите.

Четврта работа што е многу значајна е што сега практично се увезува царинска контрола при увозот на стоки и услуги, во конкретниот случај за нафта и нафтени деривати.

Со една заедничка констатација мислам дека би било добро ваквите размислувања усогласени во делот на Законот за акцизи, од страна на пратениците да бидат и поддржани.

Да завршам со една напомена. Веројатно има место да се бараат согледувања и анализи, имајќи предвид дека самата материја која е истражена, а на некој начин тие што сме имале сознанија поблиски, дали преку матичните комисии или во контактите дојдовме до овие сознанија како размислување дека би било добро овој закон како таков да биде и поддржан. Ние имаме и случаеви при увозот на нафта, ќе кажам само еден пример, се увезува и кога ќе се покрене прашањето за таа фирма да се утврди стечајната постапка, најчесто се случува, цистерната или цистерните се увезени, стечајна постапка се отвора, стечајната маса е нула, стечајната постапка се затвора.

**ВАНЕ НАУМОВСКИ:**

Почитувани пратеници, морам прво со една реченица да кажам што постоечкиот закон нудеше ко навистина беше либерален.

Производителите беа тие кои баш тие привилегии ги искористија и од тука во пракса имаше случаеви ние да бидеме сведоци да се продаваат цигари или прашања кој излезе од фабричките хали. Сега, баш во новиот концепт што се предлага, стави рака на царината и во фабриката. Тоа е факт дека тука е местото каде треба државата треба да си го прибере данокот.

Беше спомната идејата на кредитирање, односно да се кредитира државата. Дајте сега тоа да го поставиме обратно. Дали досега државата

ги кредитираше граѓаните.

Беше спомната неликвидноста. Точно е тоа дека фимите беа неликвидни, но беа ликвидни газдите и акт ташните. Тоа е факт. Потоа беше спомнат еден пример дека данокот на услуги е избегнат, оној 10% и воведен 25%. Нема да ве замарам со практичен пример овде кој го изработив, но колегите нека се потрудат да го изработат и да видат дека во пракса фактички не е така, дури цените ќе бидат и пониски.

Трет аргумент што сакам да го изнесам и од кој се плашам каде овој закон што треба во пракса да се примени ќе го злоупотребат а тоа е факт во моментот кај халата. Како пример ќе го изнесам следното: да ги намалат цените на производите, што е во краен случај поволен за граѓаните, но за сметка на тоа ќе ги зголемат оние други трошоци, зависните трошоци за производството. Ќе треба тука посебно да се оние внимание.

Исто така заслужува онаа критика дека досегашното работење односно инспекциските органи едноставно не ги извршија своите задачи за кои беа поставени. Дали беше тоа причината што 70-тина илјади субјекти ги имавме ние за контрола или она што беше спомнато од еден колега, беа митото и корупцијата. Факт е дека тука одговараат и инспекторот и оној што го дава.

Се надевам дека со овој законски проект што го нуди Владата ако ништо повеќе, а праксата тоа го покажа дека ако еден камион се увезува легално, 10 одеа на црно. Сега барем да го постигнеме она 5 со 5 ми се чини дека ќе биде успех.

Уште една работа што сакам да ја напомнам. Очигледно дека овој закон нема цел да го наполни Буџетот. Јасно е дека првиот прилив ќе

стигне 15 или 20-ти или во ноември. Тек резултатите ќе бидат некаде во март идната година.

Би завршил со она што најповеќе се полемизираше меѓу нас пратениците за роковите. Сосема се разумни 15 дена да плати данокот на мало и 45 дена данокот на оптоварувањето. Јас би завршил со чиста поддршка на овој закон.

Има збор министерот Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Со оглед на тоа што беа во одредени дискусии побарани одредени дообјаснувања на одредени членови, морам да напомнам дека со решениjата што се нудат во член 6 во кој што се додава член 14-а концептот е онака како што е вграден во тој член, акцизиската обврска да настанува на денот на преминот на царинскиот премин за оние су јекти што се ослободени од плаќање на царини и царински давачки при увозот на нафта и нафтени деривати, а кои што го користат врз основа на енергетскиот биланс со кој што располага нашата држава.

Со оглед на тоа што има временски период во кој се наплаќа и царината, бидејќи настанува обврска на истиот ден и за наплата на царината, а овде не се плаќа, во наредните денови, значи настанува на денот на поминување на царинската линија, а се наплатува во рок во кој што вообичаено се наплаќа царината.

Членот 14-6 се однесува на домашни производители и преработувачи. Тие рокови се едноставно важечки за нив. Значи, тука нема дилема.

Во поглед на одредени искажувања што се однесуваат на она што значи обарување на адвокатска и сметководствена дејност, се надевам дека тоа ќе имаме прилика да го дообјасниме по поднесениот амандман кој што ќе биде предмет на расправа во амандманската расправа по членови. Затоа нема потреба сега да се произнесува тоа.

Меѓутоа, сакам да напомнам само неколку сегменти што имаат општ карактер и на некој начин се ставени во обратна конотација.

XII/2

Беше спомнато и од мене и од неколку дискутанти дека во концепцискиот приод за изработка на овие законски проекти. Основна цел имавме пред себе да ги стесниме сите возможни дупки што овозможуваа процут на сива економија и тоа на оваков начин преку овие решенија го нудиме и мислиме дека тие понудени решенија се и квалитетни решенија.

Притоа, свесни дека во однос на гледањата по нив ќе наидеме и на различни мислења од типот на тоа дали тие решенија ја нарушуваат ликвидноста кај производителите. Еве, би се задржал само кај производителите. Слободен сум да го коментирам тоа со едно поинакво гледање во однос на она што беше овде кажано.

Еднострано гледано, тоа изгледа така. Меѓутоа, една подлабока анализа, овие закони заслужуваат подлабока анализа. Може да се добие едно друго сознание дека ако се стенсни просторот на присуство на сива економија, затоа што ние со овие законски проекти кажуваме дека го стеснуваме а не целосно го елиминираме тоа како можност, има други законски проекти што треба да се дообработат за да се постигне таа цел, но, со овие ако се ублажи таа сива економија нелојалната конкуренција што до сега е присутна има директно влијание врз физичкиот обем на индустриското производство на бројни капацитети во нашава држава. Од тој аспект тие ќе станат, барем исто конкурентни колку што треба да бидат на овој македонски пазар во однос на она што досега беа од аспект на избегнување на плаќања на данокот на промет или на акцизите што, сакале ние да признаеме или не, беа многу вешто употребувани.

Ќе кажам еден можен пример. Се увезува одредена текстилна стока и за неа се плаќа легална царина и се евидентира со царинска документација. До тука не е спорно. Спорно е понатаму дека тој правен

субјект, таа трговска стока увезена понатаму ја продава и обврската за уплата на данокот настанува на денот или после тоа во деновите од кога таа ќе ја наплати. Прашање е дали тој ја наплаќа на начин легализиран или си го наплаќа делот што е за него,во ќеш, на диво на сиво а делот на данокот не го уплаќа. Сакале или не тоа како присутна состојба го имаме.

И уште еден сегмент кај ликвидноста. Јас кажав, првиот удар ќе биде во тие први денови од примена на овој закон. Но, после тоа имаме обратна ситуација. Државата ќе ги финансира производителите со одложеното плаќање од 15 до 19 дена на прибраниот данок за продадени производи, како што до сега државата ги финансираше трговците, во трговијата на мало за извршениот промет, а во рамките на тој промет на малопродажни цени и пресметаниот данок. Така што дозволете да имаме различни мислења што не упатуваат да дадеме вакви концепциски одредби на овие закони и да понудиме таков приод по нив кој што во основа треба да ги разреши присутните дубиози во оваа сфера и крајно да му овозможиме на нашиот буџет да има и една економска функција.

Имаше овде еден исказ што во основа се однесуваше на еден дел од моето излагање во кое што беше содржано дека ние не воведуваме нови даночни акциски давачки, туку ја менуваме методологијата. За да го дообјаснам тоа слободен сум да кажам и следново дека од примерот што беше посочен, јас ќе дадам обратна негова констатација.

Учесниците во прометот на големо сега, со овие законски решенија ќе платат само данок на промет на својата додатна вредност а со овие исти законски решенија се ослободуваат од плаќање на данок на услуги од 10%. Така што навистина немаме нови даночни оптоварувања имаме само предлози за измена на модалитетите на прибирањата на данокот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За реплика се јави господинот Руфи Османи.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Овој пат ќе бидам краток. Должем сум да реплицирам од причини што и од предлагачот и од претходниот, додуше се реплицираше со моите ставови, а сега еве некој дообјаснувања. Вие сигурно ќе пресудите според она што вие го размислувате и по вашите консултации што ги направивте.

Дали со овие измени се врши некредитирање, туку авансирање? Да, сигурно колега, во однос на досегашните решенија од причини што парите што се собираат со данокот на промет, со досегашните решенија се собираат откако ќе се наплатеше побарувањето. Значи, откако ќе се инкасираат пари и во рокот од 5 дена или после завршување на месецот дали после 15 во месецот се уплатуваат на сметка на државата. Сега, со измените, при продажба на големо независно дали е инаксирано побарувањето, ти си должен со предлозите во рок од 4 5 дена да го платиш делот на државата. Од каде? Од свои пари бидејќи се уште ги немаш наплатено побарувањата. Тука ситуацијата е сосема јасна.

Друго, од аспект на плаќање данок на промет при увоз на роба, значи ти си должен сега заедно со царината да плаќаш и данок на промет на роба која што можеби ќе лежи во магацин. Значи, ќе ги оптовариш со залихи и што правиш, авансираш. Прашање е кога ќе го наплатиш твоето побарување, односно кога ќе ја продадеш робата на имало, значи кога ќе дојдеш до пари Оваа ситуација е кристално јасна, особено на оние кои работеле, или финансии или сметководство или се занимавале со трговија.

Кога сме кај данокот на услуги што господинот министер овде спомна, јас реков дека со овие измени се врши замена на данокот на

услуги со данокот на промет, тарифа 1 и 2. Тука нема недоразбирања. Молим лепо. Ако е тоа така, поставувам прашање ефектот од аспект на данок дали е поголем во полза на државата односно на штета на економијата. Со 10% данок на услуги или 25% данок на промет, тарифа 1 и тука ситуацијата е јасна. Понатаму, што е> јасно, јасно е дека сега основицата веднаш при увозот на роба се плаќа царина, се плаќа данок на промет. Сега, таа дополнителна вредност се пресметува на зголемена основица за плус 25%, што со старите решенија не беше така. Затоа, со старите решенија 10% данок на услуги ќе дава помали даночни ефекти во полза на државата. Тука е ситуацијата јасна. Јас реков дека со овие измени во оваа смисла се врши зголемување на даночната обврска преку замена на даноците.

Што се однесува до забелешката на колегата дека ефектите од овој закон ќе се почувствуваат во март, за жал морам да констатирам дека се работи за елементарно непознавање на законот. Ефектите од овој закон веднаш ќе ги почувствуваат правните лица по објавување на овој закон во Службениот весник на РМ. Тука ситуацијата е кристално јасна. Да нема дилеми треба малку подобро да се читаат текстовите.

Што се однесува до...

(Забелешки од страна на еден пратеник од место)

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам не упаѓајте.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Знаете што господине ќе имате прилика на говорница да се искажете. Проблемот е во деловникот. Ќе имаме нов деловник па ќе имам право 5 минути да говорам.

XII/6

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам продолжете господине, немојте да полемизирате со пратеници.

Р**УФИ ОСМАНИ:**

Јас мислам дека треба да имаш разбирање. Осум месеци не сум говорел, значи имам акумулирана енергија.

(Во салата настана смеа)

Така да се насмееме малку.

Што се однесува до концепцискиот приод особено да се разбереме јас овде ги контекстирам измените во Законот за данок на промет. Во Законот за акцизи немав никакви забелешки, и во таа смисла сум согласен со предлагачот.

Сега, се работи за концепцискиот приод што се сака да се направи при овие измени. Во што се состои? Дефинитивно се напушта концептот на наплатена реализација при плаќање на данокот на промет. Тоа е многу битна работа. Наплатена реализација и фактурирана реализација. Кога имаш наплатена реализација имаш пари на твојата сметка. Имаш пари во џеб. Во тие пари го имаш и делот што припаѓа на држава1: Во овој случај со тие 45 дена и од твојата сметка, од твојот џеб, од твоите обртни средства ќе ја авансираш државата. Тоа е така, и тука нема ништо друго. Математиката е тука јасна.

Понатаму, јас морам овде да полемизирам од причини што јас сум еден мал стручњак за овие работи, не сум голем како предлагачот, па ќе го кажам следното од аспект на тоа дали при фактурирање и продажба на големо во досегашната практика се избегнуваше наплатата, односно уплатата на данокот на промет и дали тоа инспекциските служби можеа да го констатираат. Сосема едноставно. Зошто? Ако едно побарување е евидентирано во книговодство, евиденцијата во книговодството е

кумулативна и таа се пренесува во наредниот период. Со една блиц анализа и елементарно познавање на овие прописи евентуалната злоупотреба се открива. Како? Ако во едно претпријатие постои побарување на побарувачи, на купувачи, адекватно на тоа во друго побарување мора да постои обврска спрема добавувачот. Со една блиц компаративна анализа тоа се открива и тука јас немам дилеми и не г? прифаќам образложенијата на министерот во тој аспект. Значи ситуацијата е јасна.

Друга работа е познавањето на прописите од страна на инспекциските служби. Тоа е нешто друго. Во таа смисла беа моите укажувања.

Понатаму,ќе завршам, бидејќи имам еден колега кој нон стоп таму протестира и реагира...

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам немојте од говорница да разговарате со пратеници.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Само би кажал за предложените измени дека се заокружуваа: механизмите за спречување до некаде на сивата економија. Јас не сум толку убеден дека со овие измени е тоа целта. Длабоко сум убеден дека со овие измени се цели по секоја цена да се полни исклучиво државната каса. Можеби донекаде ќе се влијае на сивата економија од проста причина што изворите на таа сива економија се покрај прописите. Значи се што таа до сега легално се увезуваше, во таа смисла не беше извор на сива економија. Мислам дека секој аналитички познавач на овие прилики овие работи ги знае.

Благодарам за трпението.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Ване Наумовски.

**ВАНЕ НАУМОВСКИ:**

На некој начин бев спомнат од колегите и да одговорам на некои работи.

Прво, за увозот, нема увозник во Македонија што ќе увезе раба да му стои во магацин а да нема познат купец. Тоа е апсурд.

Второ ефектите. Ефектите ќе ги почувствува, точно е колега, државата. А, тие на кои ќе се примени законот немаат ефекти бидејќи оној што го носи законот тој очекува ефекти. Тоа е "лапсуз лингва".

Беше спомнат концептот на наплатена реализација, токму тој концепт после 40 дена доаѓа до израз. Значи, после наплатување на реализацијата да се плати данокот. Многу јасно. А имав, макар да и досега во праксата имаше фирми од фактурирана реализација плаќаа данок. Беше многу мал.

Кредитирањето. Токму кај кредитирањето државата досега кредитираше и тоа бесповратно и без камата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Може ли да констатирам дека повеќе нема учесници за расправа? (Нема)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за акцизи.

Кој е за овој предлог молам да крене рака? (пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласањето? (1 пратеник).

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака).

Дали е некој против? (Не).

Дали некој се воздржува од гласање? (2 пратеника).

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Бидејќи е скоро 17,00 часот, предлагам овде да ја прекинеме расправата и да продолжиме утре во 10,00 часот.

(Седницата со работа прекина во 16,55 часот).